РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 03-103/12
26.12. 2012 год
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 27.12.2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 14 | 120/15 | | |

До
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул. „Македонија“ бр. 12/3 (Палата Македонија), 1000 Скопје
Република Македонија

За
м-р ТАЊА ТАНЕВСКА
главен државен ревизор

Предмет: **Доставување на Забелешки на нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Државната изборна комисија**

Врска: **Допис и Нацрт извештај за извршена ревизија**
**Ваш број 14-120/8 од 26.11.2012 год.**
**Наш арх. бр. 03-103/11 од 27.11.2012 год.**

Почитувана г-ѓа Таневска,

Државната изборна комисија, во законски предвидениот рок од 30 дена, Ви ги доставува своите забелешки на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година на Државната изборна комисија.

Исто така, повторно Ви доставувам копија од Усогласувањето по прашања и констатации од Државниот завод за ревизија, бр. 03-103 од 17.10.2012 година, доставен до Вас на 17.10.2012 година.

Во прилог Ви доставувам и Преглед на амортизација на основни средства, Преглед на ревалоризација на основни средства и Упатство, бр. 01-34/1 од 05.01.2012 година за спроведување на процедура за плаќање на преземени финансиски обврски.

Со почит,

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Биљана Стојановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 03 - 103/12
26 . 12 . 2012 год
С К О П Ј Е

До
ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул. „Македонија" бр. 12/3 (Палата Македонија)
1000 Скопје
Република Македонија

За
м-р ТАЊА ТАНЕВСКА
главен државен ревизор

Предмет: ЗАБЕЛЕШКИ НА НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2011 ГОДИНА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Во периодот јули – октомври 2012 година, Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Државната изборна комисија на сметка на основен буџет (637) за 2011 година, заедно со ревизија на усогласеност.

На 10-ти октомври 2012 година, во просториите на Државната изборна комисија (во понатамошниот текст: ДИК), на барање на Државниот завод за ревизија (во понатамошниот текст: ДЗР) се одржа состанок на кој присуствуваа претседателот, потпретседателот и членовите на ДИК, генералниот секретар и

заменикот генерален секретар на ДИК, државните советници и раководителите на секторите од стручната служба на ДИК и Помошникот на главниот државен ревизор и дел од тимот на ревизори кои ја извршија ревизијата во ДИК.

На овој состанок, Помошникот на главниот државен ревизор ги запозна присутните претставници од ДИК со првичните наоди од извршената ревизија и побара дополнителни докази, информации, појаснувања и одговори со цел усогласување на ставовите, особено во делот на спроведените јавни набавки.

Како резултат на овие разговори, усно беше постигната согласност т.е. усно се усогласивме за дел од наодите кои се однесуваа на спроведените јавни набавки, особено за набавките извршени во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори 2011 година, како што се постапката за доделување на договор за јавна набавка на услуги за изработка на доверлив и недоверлив изборен материјал, постапката за набавка на услуги за транспорт на членовите на избирачките одбори (во понатамошниот текст: ИО) за спроведување на гласањето во странство, постапките за набавка на услуги за фиксна телефонија и интернет услуги. Постигнато беше и усно усогласување за прашања кои се однесуваа на формирањето и надлежностите на помошните тела во ДИК како и за пишаните процедури поврзани со спроведување на постапките за јавни набавки. Исто така, на овој состанок се постигна и усно усогласување по прашањата поврзани со надоместокот на членовите на изборната администрација, книговодствената евиденција која се води во ДИК, контролата и евиденцијата на набавките со вредност под 500 ЕВРА, контрола и увидот во движењето на материјалните документи. Беше презентирано и ново набавеното софтверско решение за фактурирање односно фактурно работење.

На крајот беше договорен дополнителен состанок, кој ќе се одржи во просториите на ДЗР, на кој постигнатите усни усогласувања ќе бидат верифицирани по што ДЗР ќе изготви Нацрт извештај и истиот ќе го достави до ДИК.

На 12.10.2012 година, во просториите на ДЗР се одржа втор состанок за усогласување на кој присуствуваа генералниот секретар на ДИК, државниот советник за едукација, раководителите на ИТ секторот и финансискиот сектор како и дел од вработените во финансискиот сектор од стручната служба на ДИК.

На овој состанок, на наше големо изненадување ни беа презентирани наоди од извршената ревизија, од кои беше совршено јасно дека ниту едно од постигнатите усни усогласувања од состанокот одржан на 10.12.2012 година не

беше прифатено и инкорпорирано во презентираните пишани наоди од извршената ревизија.

Повторно бевме ставени во неблагодарна ситуација да даваме одговори и појаснувања за прашањата за кои бевме убедени дека веќе ги усогласивме на претходниот состанок:

- јавни набавки извршени во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори 2011 година
    - постапките за набавка на услуги за изработка на доверлив и недоверлив изборен материјал (гласачки ливчиња, мали печати со број на гласачко место),
    - постапка за набавка на услуги за транспорт на членовите на ИО за спроведување на гласањето во странство,
    - постапка за набавка на hard disk-ови за серверите на ДИК,
    - постапките за набавка на услуги за фиксна телефонија,
    - постапка за набавка на интернет услуги.

- прашањата поврзани со формирањето и надлежностите на помошните тела.
- прашањата поврзани со пишани процедури за спроведување на постапките за јавни набавки.
- прашањата поврзани со надоместокот на членовите на изборната администрација.
- прашања поврзани со попис и книговодствената евиденција која се води во ДИК,
- прашања поврзани со контролата и евиденцијата на набавките со вредност под 500 ЕВРА.
- прашања поврзани со контрола и увид во движењето на материјалните документи.
- дополнителни објаснувања поврзани со ново набавеното софтверско решение за фактурирање односно фактурно работење.

И на овој состанок, како и на првиот, успеавме да постигнеме усна согласност односно усно да се усогласиме за сите спорни прашања. Ни беше кажано и дека овие состаноци се од голема важност за ревизорскиот тим од ДЗР затоа што дадените одговори даваат дополнително објаснување и фрлаат ново светло врз наодите и евентуалните забелешки.

На крајот од овој состанок, од присутните претставници од ДИК, беше побарано за дел од прашањата по кои се дискутираше и за кои исто така повторно

беше постигнато усно усогласување (барем во тој момент ни беше дадено такво објаснување) да достават писмено објаснување, односно писмени одговори како би можел тимот кој ја спроведе ревизијата на нив да се повика и истите да се инкорпорираат во Нацрт извештајот. Помошникот на главниот државен ревизор, искажа задоволство од постигнатото усогласување со наводите и констатациите кои се однесуваа на прашањата поврзани со набавка на софтвер, транспорт на членовите на избирачките одбори за спроведување на гласањето во дијаспората, набавка на ИТ опрема и донацијата на дел од мрежна опрема, па за овие прашања ДИК нема потреба да доставува писмено објаснување т.е. одговор.

Во врска со прашањата, за кои ДЗР побара ДИК да достави писмени образложенија и објаснувања со цел усогласување на утврдените состојби во предметот на ревизија во ДИК, на 17.10.2012 година, ДИК достави до архивата на ДЗР, писмено Усогласување по прашања и констатации, бр. 03-103/10.

Во усогласувањето, бр. 03-103/10 доставено до архивата на ДЗР на 17.10.2012 година, ДИК даде

I. Образложение и појаснување за следните прашања:

1. пишани процедури и интерни контроли за процесот за јавна набавка и следење и контрола на постапките
2. лице одговорно за подготовка на материјалите за јавни набавки и следење на постапките.
3. формирање на помошните тела - опис, задолженија и одговорности.
4. утврдување на потребата од јавни набавки во изборниот процес.
5. јавни набавки во изборен процес без да се наведе точна количина на предмет на набавка.
6. можност од не обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на јавни набавки.
7. јавни набавки во изборен процес - завршени во многу краток период.
8. одлуката за измена и дополна на одлуката за усвојување на планот за јавни набавки и планот за јавни набавки.
9. изготвување и давање изјави за непостоење на судир на интереси на комисијата за јавни набавки да
10. утврдување на потреба од закуп на мрежна опрема во постапката за набавка на АДСЛ линии.
11. потреба од набавка на мали печати и резервни перничиња.

II. Достави дополнителна документација според препорачаните мерки за преземање во делот на финансиското работење:

1. Групно евидентирани основни средства.

2. Корекција при воведување на основни средства во евиденција на основни средства.
3. Вредносни показатели на евидентирани средства од донации.
4. Отпечатен преглед на амортизациони стапки и коефициенти за ревалоризација.
5. Копија од известување за одговорен сметководител бр. 10-634/2 од 14.05.2008 година.
6. Пренесени обврски на крајот на 2011 година и нивното евидентирање.
7. Модул за влезните фактури како составен дел на апликација за финансиско работење.
8. Аналитичка евиденција на добавувачи, аналитичка евиденција по комитенти.
9. Системско прилагодување на софтверот за пресметка, односно системско подесување во поглед на определувањето и пресметувањето додатокот на плата за време подолго од полно работно време.

III. Достави и преглед на вкупно реализирани средства во однос на вкупно одобрени средства за предвремените парламентарни избори 2011 година.

На овој начин, ДИК во целост го испочитува својот дел од обврските. Сите барани одговори, појаснувања и дополнителни документи беа изготвени и доставени до ДЗР, во рок и на начин како што беше побарано и договорено.

Оттука, воопшто не ни е разбирливо како е можно, по одржување на три заеднички состаноци, по доставување на огромен број на одговори и објаснувања, по во повеќе наврати усно постигнати усогласувања и усно добиени гаранции за извршено целосно усогласување, една сериозна институција, како што е ДЗР, да не прифати ама ниту едно објаснување, да не прифати ниту еден одговор и да ги погази сите дадени ветувања и да не инкорпорира во изготвениот Нацрт извештај за извршена ревизија ама баш ниту еден став за кој, претходно искажа позитивно мислење, целосно разбирање и постигнато усогласување.

Бидејќи во доставениот текст од Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2011 година, доставен до ДИК со допис број 14-120/8 од 26.11.2012 година а примен на 27.11.2012 година во 10:15 часот и заведен во архивата на ДИК, под архивски број 03-103/11, нема наведено ама ништо за што сметавме и бевме сигурни дека е договорено, усогласено, објаснето и одговорено, ДИК во законски предвидениот рок од 30 дена Ви ги доставува своите забелешки на текстот од Нацрт ревизорскиот извештај.

Напомнуваме дека во одговорите односно појаснувањата што следат, ДИК се повторува во смисла на претходно дадените одговори и појаснувања, но тоа е така затоа што ДЗР повторно ги истакнува истите забелешки со истите формулации во наодите.

ЗАБЕЛЕШКИ И ОДГОВОРИ НА НАОДИТЕ ОД НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2011 ГОДИНА НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Дел 4. Наоди и препораки

Потточка 4.1. Интерни контроли

Процес на доделување на договорите за јавните набавки

4.1.1.

(1) Ревизорскиот тим при оценувањето на системот на интерни контроли на процесот на доделувањето на договорите за јавни набавки и следење на нивната реализација, констатира дека не се воспоставени соодветни контролни системи и постапки, кои создаваат ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти во делот на јавните набавки и набавки на производи и услуги по цени и услови кои не се најповолни.

<u>Одговор/Појаснување:</u> Што се однесува до интерните процедури во постапките за доделување на договори за јавни набавки, ДИК во целост го следи и применува пред се Законот за јавни набавки како и останатите законски прописи со кои се регулирани соодветните прашања од оваа материја. ДИК нема усвоено интерни процедури од причина што Законот за јавни набавки (ЗЈН) не е само материјален закон, тој истовремено е и процесен закон, во истиот постојат одредби со кои се регулираат сите процесни дејствија (стадиуми) во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Со ЗЈН е определено:

- Кои субјекти во РМ се договорни органи, т.е. за кого важи примената на законот.
- Кој е одговорно лице во договорниот орган.
- Кој и кога (временски) треба да го донесе планот за потребите од јавни набавки.
- Кога и со кој акт започнува постапката, што содржи овој акт и кој го носи.
- Кој, кога и како ја именува комисијата за јавни набавки.

- Надлежности на комисијата за јавни набавки.
- Работи кои ги презема комисијата за јавни набавки и нивниот обем.
- Содржина на тендерската документација.
- Потребни прилози кон тендерската документација.
- Како тече самата постапка за спроведување на јавната набавка.
- Одредби за објава на оглас (кој, кога, како и што содржи огласот).
- Одредби за закажување и спроведување на лицитација (кога, како, под кои услови, кој учествува и др.).
- Постапка за заштита на правата на економските оператори и др.

Со еден збор, ЗЈН ја дефинира во целост постапката за распишување и спроведување на постапката за јавна набавка, од моментот на носењето на одлуката за секоја поединечна потреба од јавна набавка до постапката за редовен правен лек, т.е. постапка за поднесување на жалба до Комисијата за јавни набавки, со конкретни рокови за секое поединечно дејствија и надлежен орган, комисија или лице кое е должно да го преземе секое конкретно дејствие, и сето ова во целост е спроведено од ДИК при процесот на спроведување на сите поединечни јавни набавки, што е видно од извршениот увид во целокупната документација, на што нема никакви забелешки.

Сметаме дека во прилог на ова наше тврдење е и фактот што ревизорскиот тим, при вршењето на ревизијата констатирала само можност т.е. „... ризик од недоследно почитување на законските и подзаконските акти ...“, но не нашол на конкретно непочитување на законот ниту пак нашол на ситуација кога ДИК извршила набавка на производи и услуги по цени и услови кои не се најповолни.

(2) Ревизорскиот тим при вршењето на ревизијата најде дека ДИК нема определено лице за вршење работи поврзани со подготовка и спроведување на постапките за доделување на договорите за јавна набавка како и реализација на истите. При тоа се констатира дека со актот за систематизација на работните места во стручната служба на ДИК определено е едно работно место – Советник за јавни набавки, кое не е пополнето.

<u>Одговор/Појаснување:</u> Точно е дека во актот за систематизација на работните места во стручната служба на ДИК постои систематизирано работно место „Советник за јавни набавки“ во Секторот за финансиски прашања. Исто така е точно и дека ова работно место не е пополнето со соодветен извршител, т.е. нема вработено државен службеник на ова работно место.

Меѓутоа, вработувањето на државен службеник не зависи само од волјата и потребата на органот туку и од согласноста на Министерството за финансии (МФ) и обезбедените средства за плата за секое работно место.

Имено, како за ова работно место така и за другите работни места за кои ДИК побарала согласност, како што се вработување на внатрешен ревизор, портпарол и за работните места кои се испразнети по основ на пензионирање, Министерството за финансии нема дадено согласност за обезбедување на средства за исплата на плати и придонеси по плати, меѓу другото и повикувајќи се на анти кризните мерки усвоени на седница на Влада од април 2009 година.

На пример, во врска со пополнување на местото Внатрешен ревизор, ДИК во повеќе наврати се обраќање до МФ, со барање за обезбедување средства за вработување на внатрешен ревизор, и тоа на 03.02.2010 год, барање бр. 04-159/1, на 11.02.2010 год, барање бр. 04-159/2, на 13.05.2010 год, барање бр. 04-159/3, на 03.11.2010 год, барање бр. 04-1650/3, на 24.11.2011 год, барање бр. 04-3636/1, на 27.12.2011 год, барање бр. 04-3636/3 и на 02.10.2012 год, барање бр. 04-1446/2. Освен одбивањето на сите овие барања, на 16.12.2011 година МФ – Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, со допис бр. 15-40997/2 ни одговори дека дури откако ДИК ќе вработи внатрешен ревизор, истиот ќе треба да изготви Стратешки план за ревизија аз 2012 – 2014 година и Годишен план за 2012 година.

Единствено што ДИК успеа да издејствува е согласност за привремено вработување на портпарол, и тоа до 12 месеци.

Од горенаведените причини, согласно заклучокот на Владата на Република Македонија, во 2012 година, работното место советник за јавни набавки е пријавено во Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) како дефицитарно заради пополнување од расположливите кадри на државната администрација.

Но, при секојдневното функционирање на органот, треба да се има предвид дека овие работи во целост ги покриваат другите вработени, како што се Државниот советник за едукација, Помлад соработник за седници а во некои случаи и самиот Генерален секретар на ДИК, за што ДИК има издадено соодветни овластувања.

(3) Ревизорскиот тим при вршењето на ревизијата најде дека за спроведување на изборните активности формирано е помошно тело во секторот за финансиски

прашања при што се ангажирани надворешни лица кои учествувале во подготвувањето на вкупно 17 постапки за доделување на договори за јавни набавки поврзани со изборните активности за што нема донесено акт со кои ќе се утврдат нивните задолженија и одговорности од една страна и нивните права од друга страна.

Одговор/Појаснување: ДИК, формира помошни тела со цел доекипирање во насока на спроведување на работите и задачите во изборен процес. Помошните тела се формираат по распишување на изборите и истите вршат работи и задачи за потребите на ДИК за време на изборен процес.

Потребата од формирање на помошни тела ја утврдува Комисијата, согласно чл. 31 ст. 2 т..27 од Изборниот законик За утврдената потреба, ДИК на седница носи одлука за формирање на помошни тела. Како основа за утврдување на потребата за формирање на помошни тела, ДИК го има предвид Актот за систематизација на работните места во стручната служба, особено во оние делови во кои стручната служба не е екипирана со вработени како и обемот на задачите кои треба да се извршат во изборниот процес и претпоставеното времетраење на изборниот процес.

Во текот на 2011 година, за потребите на „Предвремените парламентарни избори 2011 година", ДИК донесе една генерална одлука и повеќе поединечни одлуки за формирање на помошни тела. Во таа насока беа формирани помошни тела за извршување на работи и задачи во ИТ Секторот, во Секторот за едукација и прес центар, во Секторот за Административно работење, во секторот за Финансиско работење, во делот за магацинско работење и логистика т.е. за во касарна Илинден во Скопје, за во ДКП на РМ во странство и др. Во сите овие одлуки, беа наведени имиња и презимиња на лица кои се дел од помошните тела, за секој сектор посебно. Но точно е дека во самите одлуки не е даден опис и задолженија на работите за кои се ангажираат лицата како и опис и задолженија за кои работи лицата од помошните тела ќе бидат одговорни туку е даден само секторот во кој овие лица ќе ги вршат работите, согласно описот на работите и задачите од Актот за систематизација на работните места во Стручната Служба на ДИК.

Изборниот процес е мошне динамична и жива материја, потребите и приоритетите за вршење на одредени работи се менуваат секојдневно, така што ДИК не може за ангажираните лица да го дефинира ангажманот а при тоа да нема можност да им довери извршување на други задолженија и задачи. Впрочем, за секоја активност во изборниот процес, ангажирањето на лицата и доделувањето на конкретни задачи,

задолженија и обврски се врши секојдневно без разлика да ли се работи за вработени во ДИК или за лица од помошните тела.

Исто така, за време на изборен процес е сосема вообичаено и за вработените во Стручната служба на ДИК да добиваат работи и задачи „Ad hoc", согласно дневните потреби на изборниот процес и по потреба да вршат разни типови на работи и задачи.

Она што е важно е активностите во изборниот процес да бидат преземени и завршени во законски определените рокови, навремено, непристрасно, професионално и квалитетно, а согласно извештаите на сите меѓународни и домашни набљудувачки мисии, „Предвремените парламентарни избори 2011 година" беа најдобро организирани и спроведени избори во РМ од нејзиното осамостојување, што е директна потврда за добро организирање на вработените во Стручната служба на ДИК и лицата ангажирани во помошните тела.

На крајот би истакнале дека лицата ангажирано во помошните тела на ДИК доставија извештај за работа, во кој извештај таксативно се наведени работите и задачите кои лицето ги има извршено, односно опис и попис на работите кои ги извршувало во изборниот процес. Неколку примероци од овие извештаи беа презентирани и доставени до тимот на ДЗР кој ја вршеше ревизијата во ДИК.

(4) Ревизорскиот тим при вршењето на ревизијата најде дека во ДИК присутно е несоодветно планирање и обезбедување на средства за јавните набавки.

<u>Одговор/Појаснување:</u> Воопшто не е јасно од каде, тимот кој ја изврши ревизијата во ДИК, ја влече констатацијата дека во периодот за кој е извршена ревизија е присутно несоодветно планирање и обезбедување на средства за јавните набавки.

Средствата за спроведување на јавните набавки, за периодот за кој е извршена ревизијата а и во сите останати ситуации, се обезбедуваат од Буџетот на РМ. Овие средства, согласно усвоените Буџет и ребаланс на буџетот, МФ ги префрла на буџетската сметка на буџетскиот корисник, во случајов тоа е ДИК, без разлика дали се мисли на средства потребни за редовните активности или на изборните активности на ДИК.

Согласно ЗЈН, ДИК навремено и во законскиот рок донесе Годишен план за јавни набавки во 2011 година и Одлука за утврдување на план за вкупни потреби за јавни набавки во текот на 2011 година, 02-231/1 од 07.02.2011 година. По донесувањето на годишниот план и одлуката, ДИК започна со реализација на дел од постапките, согласно одредбите од ЗЈН.

На 14.04.2011 година Собранието на РМ се само распушти а на 15.04.2011 година претседателот на Собранието донесе решение, 08-2130/1 со кое ги распиша „Предвремените парламентарни избори 2011 година“. За спроведување на изборите, Владата на РМ на седницата одржана на 26.04.2011 година одобри средства за таа намена. ДИК во повеќе наврати се обрати до МФ и бараше средствата кои Владата на РМ ги одобри за спроведување на изборите, да и бидат префрлени на сметка и ДИК да може слободно да располага со нив.

Средствата беа префрлени на сметка на ДИК дури на 15.05.2011 година, со валута 05.05.2011 година, додека истите за прв пат се појавија на приходната ставка на буџетот на ДИК на 15.05.2011 година. ДИК, дури на 16.05.2011 година можеше слободно да располага со овие средства. Токму поради тоа на 16.05.2011 година, на седница, ДИК донесен „План за активности со финансиски план за Парламентарните избори 2011“, бр. 02-1304/1, Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на планот за вкупните потреби за јавни набавки во 2011 година, бр. 02-231/2 и Дополнет годишен план за јавни набавки во 2011 година, бр. 02-231/3. Дури потоа се пристапи кон спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Исто беше и во случајот при спроведувањето на Предвремените избори за градоначалник на општината Сарај. По распишувањето на „Предвремените избори за градоначалник на Сарај“, со решение на претседателот на Собранието, бр. 08-4146/1 од 04.10.2011 година, ДИК на 16.11.2011 година донесе Финансискиот план за предвремени избори за градоначалник на општината Сарај, бр. 11-3578/1 а на 18.11.2011 година и План за спроведување на јавните набавки за предвремените избори за градоначалник на општината Сарај, бр. 02-3585/1 за да дури откако се заврши целата постапка и средствата „легнаа“ на сметката на ДИК, ДИК отпочна со реализација на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

На 27.11.2011 година, согласно член 26 од ЗЈН, ДИК донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на планот за вкупните потреби од јавни набавки во текот на 2011 година со Годишен план за јавни набавки во 2011 година, бр. 02-231/4 и План за изменување и дополнување на годишен план за јавни набавки во 2011 година, бр. 02-231/5.

Тоа значи дека, согласно законските одредби, ДИК изврши усогласување на Годишниот план со потребите во текот на целата 2011 година односно изврши измена и дополна на годишниот план за јавни набавки во 2011 година согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки во текот на целата 2011 година и изготви пречистен текст.

Сите погоре наведени документи (одлуки, планови, решенија, дописи, ургенции и сл.) беа презентирани до тимот на ДЗР кој ја вршеше ревизијата во ДИК

На овој начин, ДИК во целост постапи согласно одредбите од ЗЈН т.е. прво обезбеди потребните финансиски средства да „легнат" на нејзината сметка и да може со нив слободно да располага, потоа, во рамките на обезбедените средства изврши планирање на потребите за на крај да донесе соодветна одлука и дополна на годишниот план за јавни набавки. Оттука, воопшто не е јасно од каде, тимот кој ја изврши ревизијата во ДИК, ја влече констатацијата дека во периодот за кој е извршена ревизија е присутно несоодветно планирање и обезбедување на средства за јавните набавки.

(5) Ревизорскиот тим при вршењето на ревизијата најде дека утврдените состојби имаат за последица можност од не обезбедување фер конкуренција, еднаква и не дискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките и несоодветно користење на средства.

Одговор/Појаснување: Со одредбите од ЗЈН се обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и не дискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Во зависност од утврдената потреба, проценетата вредност на набавката и времето кое му стои на располагање на договорниот орган, секоја поединечна потреба може да ја намири преку спроведување на соодветна постапка: отворена постапка, ограничената постапка, конкурентниот дијалог, постапката со преговарање со и без претходно објавување на оглас, постапка со барање за прибирање на понуди со и без објавување на оглас.

Договорниот орган спроведува постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, за набавка на стоки, работи и услуги, меѓу останатото и од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, при што како последица од итноста не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас. Постапка со преговарање без претходно

објавување на оглас, се применува во случаи кога ситуацијата објективно не дозволува спроведување на другите постапки за доделување на договорите за јавни набавки. Значи ДИК мораше да се одлучи за оваа постапка како последен избор.

Согласно член 99 став 1 алинеја 3 – постапката со преговарање се користи во случај на крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас.

Овој член се користи во случај на КРАЈНА ИТНОСТ, т.е. така наречена екстремна итност така што неможе да се почитуваат роковите за редовните постапки, дури ни скратени рокови.

Втор случај кога се користи овој член е НЕПРЕДВИДЛИВОСТА. Крајната итност произлезе од настан што договорниот орган објективно не можел да го предвиди, предвремени избори, за што, согласно член 99 став 4 дадено е детално образложение за причините за спроведување на овој член, прилог на секоја одлука за набавка.

Во член 99 никаде стриктно не е наведен бројот на економски оператори до кој треба да се достават покани или бројот на понудувачи кои треба да се викнат на преговори. Воедно никаде не се дефинирани рокови за спроведување на постапката, сето тоа зависи од итноста на набавката. Имајќи го во предвид се ова, сепак комисијата за јавни набавки работеше транспарентно и доставуваше покани до најмалку тројца понудувачи. Оттука сметаме дека е обезбеден еднаков третман и не дискриминација на економските оператори, транспарентност, во процесот на јавни набавки, како и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

Во вакви набавки нормално е да се викнат на преговори фирми со кои се има позитивно искуство од досегашната практика, а тоа е наметнато од кратките рокови и сериозноста на Изборниот процес А забелешката дека постапките се завршени во многу краток период повторно нагласуваме дека тоа е единствената причина поради која се користи член 99, во спротивно ќе се користеа соодветните постапки за јавни набавки.

Како што беше кажано и на состанокот со БЈН, одржан на 15.04.2011 година, за целиот изборен процес, имајќи предвид дека роковите за одделните дејствија се кратки а некои се искажуваат и во часови, ДИК треба да постапува согласно член 99 ст. (1) т.1, ал. 3 од ЗЈН, односно постапка со преговарање од крајна итност,

При спроведувањето на постапки од крајна итност, член 99 ст. (1) т.1, ал. 3 од ЗЈН, договорниот орган преговарањето може да го води и заврши и само со еден економски оператор. Ова, од причини што во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас од причини на крајна итност, не секогаш и не по секоја цена да се бара најниска цена на слугата, туку се бара испочитување на рокови, дејствија и квалитет.

ДИК за цело време на изборниот процес постапуваше согласно одредбите од ЗЈН, спроведувајќи постапки од крајна итност, т.е. постапки со преговарање без претходно објавување на оглас. Но за разлика од законските можности, ДИК за ниту една постапка не преговараше само со еден економски оператор, туку покана за преговарање беше доставувана до најмалку три економски оператори.

Со овие свои дејствија и начинот на кој ги спроведе јавните набавки во изборниот процес, ДИК успеа и покрај кратките рокови, работејќи под притисок на изборниот процес и доцнење на префрлањето на средствата од страна на МФ на сметка на ДИК, да обезбеди конкуренција, еднаков третман и не дискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Процес на набавки и плаќања

4.1.2. Ревизорскиот тим со извршената оценка на системот на интерни контроли кај процесот на набавки и плаќања констатира дека не се воспоставени соодветни интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од некомплетност, ненавременост и погрешни плаќања по основ на примената финансиска документација. При тоа ревизорскиот тим е на мислење дека ваквата состојба предизвикува: отсуство на пишани процедури за движењето на финансиската документација и одобрување на истата од страна на одговорните лица на субјектот и јасно дефинирани надлежности и одговорности на вработените вклучени во процесот на набавки и плаќање; нема назначено лице за вршење на работите во функција на сметководствена, материјална, суштинска, формална и законска контрола на сметководствената документација. Не секогаш постои доказ за извршена контрола и потврдување на приемот на набавените стоки и услуги; не секогаш постои доказ за одобрување за плаќање од раководителот на субјектот или друго лице овластено за преземање на финансиски обврски.

<u>Одговор/Појаснување:</u> Во врска со забелешките за делот кој се однесува на финансиско работење и евиденција, превземени се мерки, веднаш по одржување на завршниот состанок со ДЗР.

До ДЗР е доставено известување поткрепено со пресметки и прегледи за преземените мерки за надминување на утврдената состојба, и тоа:

1. Движењето на финансиската документација и одобрување на истата опишано е во Упатството за спроведување на процесот за плаќање што ви доставуваме во прилог, со јасно дефинирани надлежности и задачите на вработените лица вклучени во процесот на набавка, плаќање и евидентирање.
2. Евидентирани се сите материјални и нематеријални средства по назив на основно средство, евидентирани се средствата од донации кои имаат вредносни показатели- Во евиденција на основни средства донираните средства од ОБСЕ претходно внесени без вредносни показатели (поради недостиг од инвентарни листи со вредносни податоци) се внесени во евиденција, согласно договорите за донација бр. 03-1541/1 од 26.05.2011 за информатичка опрема, (рутери, заштитен ѕид) и договорот за дониран софтвер од ОБСЕ, бр.03-217/1 од 09.02.2010 година, за што е доставен преглед, со известувањето од 17.10.2012 година.
3. Извршено е аналитичко разграничување по назив на основни средства. За групно евидентирани основни средства - Во евиденција на основни средства, групно прикажани основни средства под соодветен инвентарен број и подброј (како набавени паравани) извршено е посебно разграничување по елементи - делови, според прегледот на основни средства кој е доставен до ДЗР и во кој се гледа извршеното разграничување на опрема и поединечно евидентирање набавени и по парчиња, во делот на канцелариска и друга опрема, за основни средства кои се групно внесени во евиденција. По однос на разграничување на ситниот инвентар и материјалните средства, набавената информатичка опрема евидентирана е поединечно по делови според елементите во фактурата на набавената опрема, и истите се составен дел на опремата.
4. Во однос на пресметка на амортизација и ревалоризација – извршена е корекција во елементите при воведување на основни средства во евиденција на основни средства, односно промена на датумот на активирањето на основните средства. Со поднесување на датумот за активирањето на основно средство во однос на датумот на набавката - наместо активирањето да започнува наредниот месец, активирањето е подесен да започнува наредниот месец, првиот ден од месецот, сметано во

однос на датумот на набавка, со што е извршена правилно пресметување на амортизација на материјалните и нематеријалните средства.

Во врска со направените изменувања, до ДЗР е доставен преглед на материјалните и нематеријалните средства со состојба и вредносни показатели. Прегледот на извршена амортизација и ревалоризација на материјалните и нематеријалните средства со вредносен показател, Ви се доставува во прилог.

5. За пренесените обврски на крајот на 2011 година во вкупен износ од 1.041.289,00 денари и нивното пресметување и евидентирање на почетокот на 2012 година во истиот износ, ДИК, со известувањето од 17.10.2012 година достави до ДЗР соодветен преглед.

6. Модулот за влезните фактури, како составен дел на апликација за финансиско работење, е комплетиран и е во примена во 2012 година. Во тек е процесот на целосно интегрирање на модулот во постоечкиот софтвер за финансиско работење, со што ќе се обезбеди целосна евидентирање на обврските во системот.

7. Во однос на аналитичката евиденција на добавувачи во 2011 година, аналитичка евиденција по комитенти во 2011 се обезбедува од софтверот за финансиско работење од подмени – фирми - во апликација за финансиско материјално работење, во која се опфатени сите извршени финансиски трансакции преку трезорска канцеларија, за што имате преглед. Во 2012 година, со воведување и примена на модулот за влезни фактури со интегрирање на податоците во апликацијата за финансиско работење, се евидентираат сите финансиски обврски врз основа на добиена финансиска документација, и во тој дел се обезбедува аналитичка евиденција на влезни фактури по добавувачи. На тој начин се обезбедува целосна евиденција како во делот на приемни така и во делот на платени обврски кон добавувачи. Со интегрирање во постојниот модул се овозможува поединечна евиденција и при преносот на обврските во нареден период.

8. Во однос на воочената системска слабост во апликација за пресметка - при пресметување на додатокот на плата за време подолго од полно работно време, извршено е системско прилагодување на софтверот за пресметка, односно системско поднесување во поглед на определување на основица од основна плата и плата за звање, наместо нето плата на вработен.

На крајот од појаснувањето по оваа потточка би го цитирале наодот на ревизорскиот тим кој вели: „За делумно надминување на наведената состојба раководителот на секторот за финансиски прашања воспоставил пракса на компензирачка контрола со изработка на дополнителен

документ со кој, за дел од сметководствените документи приложува посебен образец кој е авторизиран и во кој се наведува „Да се исплати од Финансискиот план.

Кон крајот на известувачкиот период преземени се извесни мерки за надминување на дел од утврдените состојби во насока на набавка на софтверско решение насловено како „модул за фактурирање" и донесување на интерен акт Упатство за спроведување на процедура за плаќање на превземени финансиски обврски кои не биле применети при набавките и плаќањата во известувачкиот период, при што презентирани се: Упатство за спроведување на процедура за плаќање на превземени финансиски обврски број 01-34/1 од 05.01.2012 година; Решение за давање генерално овластување број 03-30/1 од 05.01.2012 година; Решение за внатрешна распределба на вкупно одобрениот буџет за 2012 година број 05-24/2 од 24.04.2012 година и листи за проверка за превземена финансиска обврска".

Дел 4. Наоди и препораки

Потточка 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Ревизорскиот тим при вршењето на ревизијата најде дека врз основа на спогодба за преземање и вработување на државен службеник без јавен оглас во ДИК вработени се повеќе државни службеници од Министерството за Правда (во понатамошниот текст: МП) - Подрачни одделенија односно канцеларии по одредени градови кои вработени биле ангажирани на извршување на работните задачи во секторите за избирачки списоци и евиденција на избирачкото право, при што наведените спогодби не се пропратено со акт од Владата на Република Македонија за доделување на користење на недвижниот имот (деловниот простор) и движен имот (средства за работа) со што ќе се изврши уредување на имотно правните прашања и спроведување на делбен биланс.

Одговор/Појаснување: Собранието на РМ, во април 2008 година го донесе Законот за изменување и дополнување на изборниот законик, кој беше објавен во „Службен весник на Република Македонија", бр. 136 од 2008 година, со кој беа воведени и неколку новини.

Така, покрај останатото, обврската за водење на избирачкиот список од МП премина во ДИК, која стана единствен надлежен орган кој врши евиденција на избирачкото право, го води избирачкиот список и врши запишување, дополнување и бришење во Избирачкиот список. За непречено остварување на оваа нова надлежност, наведениот Закон предвидуваше вработените во подрачните одделенија на МП кои вршат

работи и задачи поврзани со евиденција на избирачкото право продолжуваат со работа во ДИК.

ДИК отпочна со активност во насока на реализација на новододелените обврски. за преземање на вработените од подрачните одделенија на МП и нивно вработување во ДИК.

Во месец септември 2009 година ДИК изготви и усвои „Измена и дополнувања на правилникот за внатрешна организација и делокруг на работа на стручната служба на ДИК" со кој формира нова организациона целина – „Сектор избирачки список и евиденција на избирачко право" а во склоп на овој сектор формира 18 подрачни одделенија и „Измена и дополна на правилникот за систематизација на работите и работите места во стручната служба на ДИК".

Во меѓувреме, јули 2009 година, генералниот секретар на ДИК се обрати до МП со барање веднаш да се пристапи кон изготвување и потпишување на „Делбен биланс" помеѓу ДИК и МП а кој би се однесувал на движен и недвижен имот, кои заедно со вработените од подрачните одделенија на МП би преминале во ДИК и ДИК и понатаму би ги користела во функција на евиденција на избирачкото право. По овој допис ДИК не доби одговор.

Паралелно со ова течеше и постапката за спогодбено преземање на вработените од подрачните одделенија на МП во ДИК. Така во текот на летото 2009 година ДИК достави до МП список на државни службеници кои треба да преминат во ДИК. На 16.11.2009 година беа потпишани спогодбите за преземање на вработените државни службеници а од 1 мај 2010 овие државни службеници почнаа да работат во подрачните одделенија на ДИК.

Во текот на 2010 и 2011 година повторно се направија обиди за изготвување и потпишување на делбен биланс меѓу ДИК и МП. ДИК и МП дури формираа и заедничка работна група која на лице место изврши попис на опремата и стварите во подрачните одделенија на МП, како и предлог за поделба на недвижниот имот. Но и оваа иницијатива остана без завршница, делумно од причини што МП ги немаше средено имотно – правните односи за недвижностите кои ги користеше, делумно и поради фактот што во меѓувреме беа формирани Управата за водење на матични книги и бесплатна правна помош кои исто така требаше да бидат сместени во истите простории.

Конечно, во март 2012 година, ДИК го потпиша делбениот биланс, кој беше објавен и во „Службен весник на Република Македонија", број 132 од октомври 2012 година.

Со тоа, ДИК смета дека конечно се створија услови да се отпочне со упис на правото на користење на недвижен имот пред надлежната агенција

за катастар на РМ, со што ќе се изврши уредување на имотно правните прашања, ќе се определи нивната вредност и ќе се спроведе делбениот биланс.

ДИК презема чекори за извршување на годишен попис на деловниот простор и средствата за работа, кои и се дадени согласно делбениот биланс.

4.2.2. Ревизорскиот тим при вршењето на ревизијата најде дека согласно одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, задолжително е основање на единица за внатрешна ревизија како одделение. Иако во актот за систематизација на работните места во стручната служба на ДИК предвидено е формирање на посебна организациона единица одделение за внатрешна ревизија и покрај превземените активности од страна на ДИК за обезбедување на потребната согласност за вработување на еден внатрешен ревизор (раководител на одделение), заклучно до денот на известување од извршената ревизија не е извршено вработување.

Одговор/Појаснување: Како одговор, односно појаснување за утврдената состојба со Внатрешниот ревизор во самостојното одделение за внатрешна ревизија, принудени сме да го повториме одговорот кој е даден во делот за непотполнетото работно место Советник за јавни набавки.

Точно е дека со Правилникот за внатрешна организација и делокруг на работа на Стручната служба на ДИК, предвидено е формирање на Самостојно одделение за внатрешна ревизија, во кое, согласно Правилникот се систематизирани работните места Раководител на одделението за внатрешна ревизија и уште еден внатрешен ревизор (советник за внатрешна ревизија)

Исто така е точно и дека овие работни места не се пополнети со соодветни извршители, т.е. нема вработено државни службеници на овие работни места. Како што нагласивме и претходно, вработувањето на државен службеник не зависи само од волјата и потребата на органот туку и од согласноста на МФ и обезбедените средства за плата за секое работно место.

Имено, во врска со пополнување на местото Внатрешен ревизор, ДИК во повеќе наврати се обраќање до МФ, со барање за обезбедување средства за вработување на внатрешен ревизор, и тоа на 03.02.2010 год, барање бр. 04-159/1, на 11.02.2010 год, барање бр. 04-159/2, на 13.05.2010 год, барање бр. 04-159/3, на 03.11.2010 год, барање бр. 04-1650/3, на 24.11.2011 год, барање бр. 04-3636/1, на 27.12.2011 год, барање бр. 04-3636/3 и на 02.10.2012 год, барање бр. 04-1446/2. И покрај сите напори и ургенции, МФ не даде согласност т.е. не обезбеди средства за плата за бараното вработување. Освен одбивањето на

сите овие барања, на 16.12.2011 година МФ – Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, со допис бр. 15-40997/2 ни одговори дека дури откако ДИК ќе вработи внатрешен ревизор, истиот ќе треба да изготви Стратешки план за ревизија за 2012 – 2014 година и Годишен план за 2012 година.

Единствено што ДИК успеа да издејствува е согласност за привремено вработување на портпарол, и тоа до 12 месеци.

Од горенаведените причини, согласно заклучокот на Владата на Република Македонија, во 2012 година, работното раководител на одделението за внатрешна ревизија – Внатрешен ревизор е пријавено во Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) како дефицитарно заради пополнување од расположливите кадри на државната администрација.

4.2.3. Ревизорскиот тим при вршењето на ревизијата утврди дека за спроведување на предвремените парламентарни избори, 5-ти јуни 2011 година, ДИК донела повеќе одлуки и измени и дополнувања на истите, за формирање на помошни тела во кои се ангажираат и надворешни лица. Во донесените одлуки освен наведувањето на имињата и презимињата на ангажираните лица, истите не содржат податоци за видот на конкретната работа/задача која ќе ја извршуваат, што предизвикува неможност од потврдување на реалноста и објективноста на исплатените надомести на лицата ангажирани во работните тела и создава можност од постоење на субјективен пристап при определувањето на висината на надоместите за исплата.

<u>Одговор/Појаснување:</u> Исто како и во претходниот случај (за утврдената состојба со Внатрешниот ревизор во самостојното одделение за внатрешна ревизија), и за овој наод принудени сме да го повториме одговорот кој е даден во делот 4.1.1. (3) а кој се однесува на наодот за помошните тела формирани во секторот за финансиски прашања.

За да не ги повторуваме нашите одговори и по неколку пати во овој допис, затоа што ДЗР, согласно сопствената методологија на изготвување на ревизорски извештај, исти наоди за исти работи ги повторува по неколку пати во интегралниот текст од Нацрт извештајот, ДИК во повторениот одговор само во кратки црти ќе ги сумира истите забелешки за исти работи. Сметаме дека на овој начин ќе бидеме појасни, поконцизни и попрецизни односно поефикасни.

Формирањето на помошни тела во ДИК има за цел доекипирање на Комисијата во насока на спроведување на работите и задачите во изборен процес. Затоа помошните тела се формираат по распишување на изборите за вршење работи и задачи за време на изборен процес. Потребата од

формирање ја утврдува Комисијата која на седница на носи одлука за формирање на помошни тела. При тоа ДИК ја има предвид систематизација на работните места во стручната служба. Акцент е ставен на оние делови од службата, кои не се екипирани со вработени или имаат недоволен број на извршители во однос на обемот и задачите кои треба да се извршат во изборен процес.

За „Предвремените парламентарни избори 2011 година", ДИК донесе една генерална одлука и повеќе поединечни одлуки за формирање на помошни тела. Беа формирани помошни тела за извршување на работи и задачи во ИТ Секторот, во Секторот за едукација и прес центар, во Секторот за Административно работење, во секторот за Финансиско работење, во делот за магацинско работење и логистика т.е. за во касарна Илинден во Скопје, за во ДКП на РМ во странство и др.

Во сите овие одлуки, беа наведени имиња и презимиња на лица во помошните тела, за секој сектор посебно. Во одлуките не се таксативно наведени описот и задолженија на работите за кои се ангажираат лицата како и опис и задолженија за кои работи овие лицата ќе бидат одговорни. Во одлуките наведен е само секторот во кој овие лица ќе ги вршат работите, согласно описот на работите и задачите од Актот за систематизација на работните места во Стручната Служба на ДИК.

Ова од причина што, потребите и приоритетите за вршење на одредени работи се менуваат секојдневно. Имајќи ја предвид природата на изборите, како динамична и жива материја, ДИК не може за ангажираните лица да го дефинира ангажманот а при тоа да нема можност да им довери извршување на други задолженија и задачи. За секоја активност во изборите, доделувањето на конкретни задачи, задолженија и обврски на ангажираните лица се врши секојдневно, без разлика да ли се работи за вработени во ДИК или за лица од помошните тела. За време на изборен процес е сосема вообичаено и за вработените во ДИК, да добиваат работи и задачи во од, согласно дневните потреби, како и да извршуваат разни типови на работи и задачи.

Она што е важно е активностите во изборниот процес да бидат преземени и завршени во законски определените рокови, навремено, непристрасно, професионално и квалитетно, а согласно извештаите на сите меѓународни и домашни набљудувачки мисии, „Предвремените парламентарни избори 2011 година" беа најдобро организирани и спроведени избори во РМ од нејзиното осамостојување, што е директна потврда за добро организирање на вработените во Стручната служба на ДИК и лицата ангажирани во помошните тела.

Дел 4. Наоди и препораки

Потточка 4.3. Финансиски извештаи

Информациони системи

4.3.1. Ревизорскиот тим со извршената ревизија на софтверската апликација за водење на деловните книги, констатира ниско ниво на заштита при најавување за работа со апликациите, едно корисничко име и лозинка го користат сите вработени кои работат со истата, податоците од минати фискални години не се заклучени и може да се променат. Наведената состојба создава можност од интервенирање и промена на историските податоци и неможност од утврдување на првобитно регистрираните податоци.

<u>Одговор/Појаснување:</u> Веднаш по добивањето на наодите, преземени се мерки за надминување на состојбата, на начин што во целост е постапено согласно препораките, доделени се засебни кориснички имиња и соодветни лозинки за вработените кои ја користат софтверската апликација.

Биланс на состојба

4.3.2. Ревизорскиот тим при увидот во начинот на евидентирање и искажување на обврските по основ на влезни фактури и други акти, во деловните книги на ДИК, утврди отсуство на воспоставена аналитичка евиденција по добавувачи, невоспоставено хронолошко и ажурно евидентирање на истите при што на крајот на известувачкиот период се врши збирно искажување на дел од доспеани а неплатени обврски. Исто така констатира неусогласеност на почетната и крајна состојба на пренесените обврски во 2011 година во износ од 749 илјади денари односно 508 илјади денари. Утврдената состојба не е согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници што влијае на реалното и објективното утврдување/искажување на обврските во финансиските извештаи за тековната година и квалитетот на информациите содржани во истите.

Одговор/Појаснување: Како одговор, односно појаснување за утврдената состојба од потточката 4.3.2. принудени сме да го повториме одговорот кој е даден во делот 4.1.2

Како што наведовме и претходно, ДИК нема да не ги повторува своите одговори туку во повторениот одговор само во кратки црти ќе ги сумира истите забелешки за исти работи. Сметаме дека на овој начин ќе бидеме појасни, поконцизни и попрецизни односно поефикасни.

До ДЗР е доставено известување, поткрепено со соодветни пресметки и прегледи, и тоа:

- Движењето на финансиската документација и одобрување на истата опишано е во Упатството за спроведување на процесот за плаќање..
- Евидентирани се сите материјални и нематеријални средства по назив на основно средство, евидентирани се средствата од донации кои имаат вредносни показатели.
- Извршено аналитичко разграничување по назив на основни средства.
- Пренесените обврски на крајот на 2011 година во вкупен износ од 1.041.289,00 денари и нивното пресметување и евидентирање на почетокот на 2012 година во истиот износ.
- Аналитичката евиденција на добавувачи во 2011 година обезбедени од софтверот за финансиско работење.
- Аналитичка евиденција по комитенти во 2011 обезбедени од софтверот за финансиско работење/апликација за финансиско материјално работење, во која се опфатени сите извршени финансиски трансакции преку трезорска канцеларија.

4.3.3. Ревизорскиот тим утврди дека согласно Одлуката за изменување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар („Сл. весник на РМ", бр. 18/09), ДИК се стекнува со право на користење на четврти кат од деловно - административен објект, со вкупна површина од 883 м2. Со извршениот увид на расположливата документација, ревизијата констатира дека за наведената површина не е извршено впишување на правото на трајно користење на имотот во надлежната агенција, не е извршено евидентирање на истиот во деловните книги, не се доставени податоци за сметководствената вредност на недвижните ствари до Агенцијата за катастар на недвижности со состојба 31 декември тековната година и не се доставени податоци до МФ за вкупната сметководствена вредност на движните ствари кои ги користи ДИК со состојба 31 декември во тековната година. Утврдената состојба предизвикува неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на искажаните податоци во Билансот на состојбата, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите, како и некомплетни и нецелосни податоци за вкупната вредност на движните и недвижните ствари со кои располага Република Македонија.

<u>Одговор/Појаснување:</u> Со одлука на Владата на РМ за давање на користење на недвижна ствар и Одлуката за изменување на Одлуката за давање на користење на недвижна ствар, ДИК се стекна со право на користење на четврти кат од деловно - административен објект, со вкупна површина од 883 м2 и подрумски простории.

ДИК, веднаш по добивањето на првичните наоди презеде чекори за надминување на оваа состојба.

Така на 19.09.2012 година ДИК поднесе барање до Агенцијата за катастар на недвижности со барање за впишување на правото на трајно користење на недвижен имот, кој се наоѓа во Скопје, на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 50, на четврти кат од зградата на поранешна НИП Нова Македонија, со површина од 882м2 и подрум на истата адреса.

Истото го констатира и ревизорскиот тим, кој во нацрт извештајот констатира: „До денот на известување од извршената ревизија, на ревизијата и е презентирано Барање за издавање имотен лист (број 03-1399/1 од 19.09.2012 година) упатено до Агенцијата за катастар на недвижности со кое ДИК бара да и биде издаден имотен лист“.

43.5. Ревизорскиот тим при вршењето на ревизијата констатира дека на позицијата „постојани средства“ (материјални и нематеријални) во деловните книги на крајот на известувачкиот период искажана е состојба во износ од 19.718 илјади денари. Со извршениот увид во расположливата документација констатирано е дека: не е воспоставена целосна, правилна и навремена сметководствена евиденција на материјалните и нематеријалните средства; во материјалната евиденција прикажани се средства во вкупен износ од 1.548 илјади денари без притоа да има аналитичко разграничување по назив на основно средство; во 2010 и 2011 година по основ на склучени договори за донација примени се материјални и нематеријални средства кои не се воведени во финансиската евиденција; не е извршено правилно пресметување на амортизацијата на материјалните и нематеријалните средства; постои неусогласеност во делот на ревалоризираната набавна вредност, ревалоризираната исправка на вредноста и ревалоризираната сегашна вредност искажани во материјалната и финансиската евиденција.

Одговор/Појаснување: Како одговор, односно појаснување за утврдената состојба од потточката 4.3.5. принудени сме да го повториме одговорот кој е даден во делот 4.1.2 и 4.3.2. Како што наведовме и претходно, ДИК нема да ги повторува своите одговори туку во повторениот одговор само во кратки црти ќе ги сумира истите забелешки за исти работи. Сметаме дека на овој начин ќе бидеме појасни, поконцизни и попрецизни односно поефикасни.

Во врска со забелешките за делот кој се однесува на финансиско работење и евиденција, превземени се мерки, веднаш по одржување на завршниот состанок со ДЗР. До ДЗР е доставено известување, поткрепено со соодветни пресметки и прегледи, и тоа:

- Евидентирани се сите материјални и нематеријални средства по назив на основно средство,

- Евидентирани се средствата од донации кои имаат вредносни показатели,.
- Извршено е аналитичко разграничување по назив на основни средства.
- За групно евидентирани основни средства, групно прикажани основни средства под соодветен инвентарен број и подброј, извршено е посебно разграничување по елементи - делови, според прегледот на основни средства, доставен до ДЗР и во кој се гледа извршеното разграничување на опрема и поединечно евидентирање набавени и по парчиња, во делот на канцелариска и друга опрема, за основни средства кои се групно внесени во евиденција.
- По однос на разграничување на ситниот инвентар и материјалните средства, набавената информатичка опрема евидентирана е поединечно по делови според елементите во фактурата на набавената опрема, и истите се составен дел на опремата.
- Пресметка на амортизација и ревалоризација – корекција во елементите при воведување на основни средства во евиденција на основни средства, односно промена на датумот на активирањето на основните средства.
- Преглед на материјалните и нематеријалните средства со состојба и вредносни показатели.
- Преглед на извршена амортизација и ревалоризација на материјалните и нематеријалните средства со вредносен показател.
- За пренесените обврски на крајот на 2011 година во вкупен износ од 1.041.289,00 денари и нивното пресметување и евидентирање на почетокот на 2012 година во истиот износ, ДИК, со известувањето од 17.10.2012 година достави до ДЗР соодветен преглед.

На крајот по оваа потточка, би ја навеле и констатацијата на ревизорскиот тим, кој вели: „По одржување на завршниот состанок ДИК на ден 17.10.2012 година до овластениот државен ревизор достави известување за превземени мерки за надминување на утврдената состојба во делот на начинот на пресметување на амортизацијата на нематеријалните и материјалните средства (исправка во софтверската апликација без притоа да се достават конкретни податоци за извршените корекции во начинот на пресметана амортизација/вредносни показатели)“.

Дел 4. Наоди и препораки

Потточка 4.4. Користење на средствата согласно законски прописи

4.4.1. (1) Со извршената ревизија на начинот на планирање, доделувањето на договорите за јавни набавки на работи, стоки и услуги и следење на нивната реализација, ревизијата оцени дека во годишниот план за јавни набавки не е извршено разграничување на потребите за набавки по видови на стоки, услуги и работи, а за некои видови набавки дадена е збирна проценета вредност што не е во согласност со Правилникот за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки;

Одговор/Појаснување: Како одговор, односно појаснување за утврдената состојба од потточката 4.3.5. принудени сме да го повториме одговорот кој е даден во делот 4.1.1. точка (4) кој се однесува на наводно несоодветно планирање и обезбедување на средства за јавните набавки. Како што наведовме и претходно, ДИК нема да ги повторува своите одговори туку во повторениот одговор само во кратки црти ќе ги сумира истите забелешки за исти работи. Сметаме дека на овој начин ќе бидеме појасни, поконцизни и попрецизни односно поефикасни.

Средствата за спроведување на јавните набавки за буџетските корисници се обезбедуваат од Буџетот на РМ, овие средства МФ ги префрла на буџетската сметка на буџетскиот корисник кој со нив располага согласно потребите и утврдените намени. Во случајот на ДИК, без разлика дали се мисли на средства потребни за редовните активности или на изборните активности на ДИК.

ДИК во законскиот рок донесе Годишен план за јавни набавки во 2011 година и Одлука за утврдување на план за вкупни потреби за јавни набавки во текот на 2011 година, 02-231/1 од 07.02.2011 година. По донесувањето на годишниот план и одлуката, ДИК започна со реализација на дел од постапките, согласно одредбите од ЗЈН.

За спроведување на „Предвремените парламентарни избори 2011", Владата на РМ на 26.04.2011 година одобри средства за ДИК. ДИК во повеќе наврати се обрати до МФ и бараше одобрените средствата од Владата, наменети за спроведување на изборите, да и бидат префрлени на сметка и ДИК да може слободно да располага со нив. Средствата беа префрлени дури на 15.05.2011 година, со валута 05.05.2011 година, а за прв пат се појавија на приходната ставка на буџетот на ДИК на 15.05.2011 година. ДИК, дури на 16.05.2011 година можеше слободно да располага со овие средства. Токму поради тоа на 16.05.2011 година, на седница, ДИК донесен „План за активности со финансиски план за Парламентарните избори 2011", бр. 02-1304/1, Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на планот за вкупните потреби за јавни набавки во 2011 година, бр. 02-231/2 и Дополнет годишен план за јавни набавки во 2011

година, бр. 02-231/3. Дури потоа се пристапи кон спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Исто беше и во случајот при спроведувањето на Предвремените избори за градоначалник на општината Сарај. ДИК на 16.11.2011 година донесе Финансискиот план за предвремени избори за градоначалник на општината Сарај, бр. 11-3578/1 а на 18.11.2011 година и План за спроведување на јавните набавки за предвремените избори за градоначалник на општината Сарај, бр. 02-3585/1 за да, дури откако се заврши целата постапка и средствата „легнаа“ на сметката на ДИК, ДИК отпочна со реализација на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

На 27.11.2011 година, согласно член 26 од ЗЈН, ДИК донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на планот за вкупните потреби од јавни набавки во текот на 2011 година со Годишен план за јавни набавки во 2011 година, бр. 02-231/4 и План за изменување и дополнување на годишен план за јавни набавки во 2011 година, бр. 02-231/5.

Тоа значи дека, согласно законските одредби, ДИК изврши усогласување на Годишниот план со потребите во текот на целата 2011 година односно изврши измена и дополна на годишниот план за јавни набавки во 2011 година согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки во текот на целата 2011 година и изготви пречистен текст.

Сите погоре наведени документи (одлуки, планови, решенија, дописи, ургенции и сл.) беа презентирани до тимот на ДЗР кој ја вршеше ревизијата во ДИК

4.4.1. (2) Со извршената ревизија на начинот на планирање, доделувањето на договорите за јавни набавки на работи, стоки и услуги и следење на нивната реализација, ревизијата оцени дека спроведени се постапки и склучени се договори за јавна набавка кои не се планирани со планот за јавни набавки, односно за кои не е извршено изменување и дополнување на планот за јавни набавки и финансискиот план;

Одговор/Појаснување: Како што наведовме и претходно, нема да ги повторува своите одговори во целост, туку само во кратки црти ќе ги сумираме истите забелешки за исти работи.

Како продолжение на одговорот по претходната точка (1) од точката 4.4.1., повторно обрнуваме внимание на фактот дека на 27.11.2011 година, ДИК донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на планот за вкупните потреби од јавни набавки во текот на 2011 година со Годишен план за јавни набавки во 2011 година, бр. 02-231/4 и План за изменување и дополнување на годишен план за јавни набавки во 2011 година, бр. 02-231/5. На крајот беше изготвен и Пречистен текст на

Годишниот план за јавни набавки во 2011 година, изготвен согласно одредбите од член 26 од ЗЈН и Правилникот за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки.

Тоа значи дека, согласно законските одредби, ДИК изврши целосно усогласување на Годишниот план со потребите во текот на целата 2011 година односно изврши измена и дополна на годишниот план за јавни набавки во 2011 година согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки во текот на целата 2011 година и изготви пречистен текст.

Сите погоре наведени документи (одлуки, планови, решенија, дописи, ургенции и сл.) беа презентирани до тимот на ДЗР кој ја вршеше ревизијата во ДИК

На овој начин, ДИК во целост постапи согласно одредбите од ЗЈН т.е. прво обезбеди потребните финансиски средства да „легнат" на нејзината сметка и да може со нив слободно да располага, потоа, во рамките на обезбедените средства изврши планирање на потребите за на крај да донесе соодветна одлука и дополна на годишниот план за јавни набавки.

На крајот само би напомнале дека Годишниот план за јавни набавки е рамка, проекција на потребите за функционирање на органот. Планот има намена да даде само насоки односно да ги постави рамките во кои органот планирал да се движи во тековната година.

Годишниот план за јавни набавки во никој случај не е и не смее да биде таксативно набројување на набавките, прецизно утврдување на видот, родот и потребните количини. Годишниот план за јавни набавки е само алатка, со која органот ги планира набавките и врз основа на која врши контрола на нивната реализација.

Од друга страна, одлуката со која се распишува секоја поединечна набавка е стартната позиција од која започнува секоја набавка. Ако нема одлука за набавка, тогаш набавката е незаконска, затоа е и предвидена во ЗЈН како прв услов за поништување на постапката. Во оваа насока сепак треба да се земе во предвид и природата на работите кои се предмет на поединечната набавка а што е и опфатено во ЗЈН. Имено, доколку се набавуваат услуги, тогаш таа одлука ја покрива т.е. опфаќа и набавка на стоката која треба да биде вградена или испорачана со таа услуга. Во тој случај нема потреба од две засебни одлуки, напротив ЗЈН тоа изречно го забранува со одредбата во која се вели дека договорниот орган не смее да ја дели набавка на помали делови, без разлика што на тој начин се добива пониска вредност на така определените посебни набавки. Истото се однесува и на случаите во кој се набавува стока а кога за нејзино

користење или ставање во функција договорниот орган треба да добие и соодветна услуга.

Ова основно правило на ЗЈН беше во повеќе наврати објаснувано на присутните членови на ревизорскиот тим, но од нивна страна овој постулат не беше разбран. Нивната неукост и непознавањето на позитивните законски прописи кои се во сила во РМ е недозволиво а тоа е видливо и од наодите и наводите од и во извршената ревизија.

4.4.1. (3) Со извршената ревизија на начинот на планирање, доделувањето на договорите за јавни набавки на работи, стоки и услуги и следење на нивната реализација, ревизијата оцени дека во склучените договори за јавна набавка не секогаш се утврдува вкупната вредност и количината на предметот на набавка; не е воспоставена евиденција и следење на месечно ниво на извршените набавки согласно член 11 од Законот за јавни набавки при што без постапка за јавна набавка можат да се вршат набавки чиј износ месечно не е поголем од 500 евра во денарска противвредност без ДДВ;

Одговор/Појаснување: Во врска со оваа оценка сепак ќе мораме во целост да го повториме завршниот дел од објаснувањето дадено во претходната точка (4).

Неприфатливо е презентираното ниво на неукост и непознавањето на позитивните законски прописи кои се во сила во РМ од страна на членовите на тимот на ДЗР кој ја изврши ревизијата во ДИК. Ова е недозволиво а тоа е видливо и од наодите и наводите во овој дел.

Па самиот ревизорски тим констатира дека сите набавки со вредност по 500 Евра, без ДДВ не се сметаат за набавки детерминирани со постапки и акти предвидени во ЗЈН.

ДИК има и води евиденција за сите извршени набавки, без разлика дали се работи за стоки или услуги, со вредност под 500 евра. Истата им беше презентирана на ревизорскиот тим. Оваа евиденција се води во системот за финансиско работење и во секој момент може да се добие „листинг" за вака извршени набавки. Не можеме да сфатиме како тогаш ревизорскиот тим бара од ДИК да води евиденција во форма и содржина определена од ЗЈН како за останатите извршени набавки.

Што се однесува на оценката на ревизорскиот тим дека во склучените договори за јавна набавка не секогаш се утврдува вкупната вредност и количината на предметот на набавка мораме да дадеме малку пошироко објаснување,

На прв поглед оваа констатација е точна и претставува ситуација спротивна на одредбите од ЗЈН. Но, ако се имаат предвид одредбите од Изборниот законик како и фактичката ситуација, поинаку и не е можно.

Во најголемиот дел од спроведените набавки, обемот на услугата е толку многу голем, што истото неможе детално да се наведе во одлуката за јавна набавка. Согласно ЗЈН, Дел 4 – Правила за изработка на тендерската документација т.е. член 32 и член 33 став 1, детално образложение на предметот на набавка е даден во тендерската документација, односно во техничката спецификација како нејзин составен дел. Од таа причина во самата одлука за јавна набавка е наведено дека предметот на набавката одговара на описот даден во техничката спецификација во тендерската документација. Имајќи во предвид дека постапката почнува со Одлуката за утврдување на потреба од јавна набавка и завршува со склучување на договор со економскиот оператор чија понуда е избрана за најповолна, сите попратни документи, меѓу кои и тендерската документација се составен дел од досиeто на една набавка и еден со друг се надополнуваат.

Заради неможноста за дефинирање на количината во член на одлуката за потреба од јавна набавка каде е наведен предметот на набавката, истото е дефинирано во друг член во истата одлука како и во техничката спецификација. Во член од одлуката е наведено дека комисијата за јавни набавки „ќе изготви детална тендерска документација и поблиску ќе ги определи елементите врз основа на кои ќе се определи критериумот економски најповолна понуда.

Со член 28 став 2 од ЗЈН не е стриктно наведено дека критериумите за избор мора да стојат во одлуката за јавна набавка. Иако е така дефинирано во ЗЈН, доколку договорниот орган одлучи, може во одлуката да ги стави критериумите за доделување на договор (значи тоа не е облигаторно), во одлуката се ставени критериуми дефинирани во соработка со комисијата. Во членот од одлуката е наведено дека комисијата „ќе ги определи елементите врз основа на кои ќе се определи критериумот економски најповолна понуда“ од причина што некогаш има потреба од подетално објаснување на критериумите, начинот како ќе се врши евалуација и сето тоа се објаснува поконкретно во тендерската документација.

Согласно член 32 од ЗЈН, јасно е дефинирано како се изработува тендерската документација. Деталноста и сложеноста на тендерската документација во голема мера ќе зависат од обемот и од природата на предметот на договорот, како и од видот на постапката што се спроведува. Тендерската документација поблиску ја пропишува министерство за финансии, но таа како таква не е облигаторна и дозволува договорните органи сами да ја дефинираат поконкретно

Да ја земеме за пример одлуката за набавка на гласачки ливчиња.

Согласно Изборниот законик, за секој гласач во РМ, ДИК мора да отпечати гласачко ливче. Исто така, гласачките ливчиња се печатат за секој изборен круг односно и за секое прегласување.

Конечниот број на гласачи во РМ се утврдува по завршување на неколку дејствија во изборниот процес.

Така, 10-от ден од денот на распишување на изборите, избирачкиот список се става на јавен увид во сите подрачни одделенија и канцеларии на ДИК и, за прв пат во 2011 година, во сите ДКП-а на РМ во странство. Јавниот увид трае 10 дена (да не заборавиме дека роковите во 2011 година беа скратени за 5 дена) и за време на јавниот увид граѓаните се проверуваат дали се на списокот и ако не се поднесуваат барање да бидат впишани. Истовремено, доколку има докази, некои лица кои се во избирачкиот список се бришат (умрени, отпуст од државјанство, одземена деловна способност и др.). За прв пат во 2011 година, државјаните на РМ кои се на привремена работа или престој во странство имаа право да се пријават и да гласаат во ДКП-а на РМ во странство, што значи дека истите треба да бидат избришани од изводите од избирачкиот список на кои ќе се гласа во РМ.

По завршување на увидот, во рок од десет дена по неговото завршување, избирачкиот список се затвара и во него се внесуваат сите потребни измени. Така затворен, со вметнати измени и дополнувања, избирачкиот список се заклучува и 10 дена пред денот определен за гласање, изводите од списокот на кои ќе се гласа се доставуваат до ДИК на потпишување. Ова е денот кога се знае точниот број на гласачи кои имаат право да гласаат на изборите и за кои треба да се отпечатат гласачки ливчиња.

Но ова не е конечната бројка на гласачки ливчиња која треба да се отпечати. Иако парламентарните избори се одвиваат во еден изборен круг, се уште не се знае дали ќе има поништување на гласањето, во колку избирачки места и за колку гласачи.

Сите, кои што сакаат да бидат кандидати и да учествуваат на изборите, имаат право и можност да поднесат листа на кандидати. Крајниот рок за поднесување на листите е 30 дена пред денот определен за гласање. Бројот на поднесени листи варира од изборна единица до изборна единица. Во некои изборни единици бројот на поднесени листи може да биде многу голем (над 30 листи како што беше случајот во 2009 година за изборите за советници во градот Скопје) а истовремено во некои единици бројот на поднесените листи да биде многу мал (5 листи за избор на пратеник од ИЕ 9 во 2011 година). ДИК се произнесува по секоја поднесена листа и со Решение листата ја потврдува, ја враќа на доуредување за

отстранување на неправилностите доколку ги има или ја отфрла листата доколку истата е составена спротивно на Изборниот законик и ако не е постапено согласно упатствата на ДИК.

Редоследот на листите на кандидати во гласачкото ливче го утврдува ДИК, преку спроведување на ждрепка. Ждрепката ДИК ја организира најдоцна 22 дена пред денот на изборите, а најдоцна 20 дена пред денот на изборите ги објавува утврдените листи во дневниот печат, еден на македонски јазик и еден на албански јазик.

Значи, во моментот на отпочнување на постапката за јавна набавка на гласачки ливчиња не е можно да се утврди точната количина на предметот на јавната набавка, ниту пак да се утврди точниот изглед и големина на предметот на јавната набавка.

Понатаму, ова има за последица и неможноста ДИК точно да знае за колкав број на листи и кандидати се работи за да може точно да ја определи и големината на просторот за објавување на листите на кандидати во дневните весници.

Истиот случај е и со набавката на беџови за идентификација на членовите на изборните органи. Иако бројот на гласачките места е определен во Изборниот законик, на сите гласачки места во кои има помалку од 10 гласачи не се организираат избори а овие гласачи се префрлаат во најблиското избирачко место каде гласањето се организира и таму гласаат. Истото се однесува и на организирање на гласањето во ДКП-а на РМ во странство.

Бидејќи во моментот на распишување на јавната набавка, ДИК нема податоци за тоа колку лица се пријавиле да гласаат во секое ДКП на РМ поединечно, ДИК неможе да ја утврди точната бројка на лица кои треба да бидат испратени во ДКП-а на РМ во странство како избирачки одбори кои би го спровеле ова гласање. Не е за потценување и фактот дека еден член на избирачкиот одбор и негов заменик се именуваат по предлог на политичките партии во опозиција а еден член и негов заменик се именуваат по предлог на политичките партии на власт. Така, еден дел од членовите, партиски предлози беа државјани на РМ со пријавено место на престој во државата каде ќе се одржи гласањето. Ова има за последица намалување на потребата од набавка на услуги за превоз на членовите на избирачките одбори до соодветното ДКП. Но тоа е факт кој ДИК точно ќе го дознае по истекот на сите рокови за пријавување на гласачите за гласање во ДКП а тоа е по отпочнувањето на постапката за јавна набавка на услуги за превоз за избирачките одбори за спроведување на гласањето во ДКП-а на РМ во странство.

4.4.1. (4) Со извршената ревизија на начинот на планирање, доделувањето на договорите за јавни набавки на работи, стоки и услуги и следење на нивната реализација, ревизијата оцени дека дел од постапките со преговарање без претходно објавување на оглас се спроведени во исклучително кратки рокови. При тоа во поголемиот дел од така спроведените постапки не е презентиран доказ за доставени покани за преговарање до економските оператори, постои неусогласеност на времето на преговарање наведено во записниците од преговарање со економските оператори и извештајот од спроведената постапка, не секогаш од економските оператори е приложена конечна понуда односно е доставена изјава дека нивната понуда не може да се подобри и не е презентиран доказ дека сите понудувачи се известени за извршениот избор на најповолна понуда;

Одговор/Појаснување: Мора да се признае дека оваа констатација е само потврда на сите претходно искажани работи а кои се однесуваат на успешното и крајно професионално работење на ДИК во изборниот процес. Нешто, што го констатираа и сите меѓународни и домашни набљудувачки мисии во своите извештаи, во кои има само пофални зборови за работата на ДИК, особено во делот на организацијата на изборите и извршувањето на сите изборни дејствијата во роковите согласно Изборниот законик.

Имено, и покрај кратките рокови, работејќи под притисок на изборниот процес и покрај доцнењето со префрлање на средствата од страна на МФ на сметка на ДИК, не се случи изборно дејствие да биде преземено со задоцнување или воопшто да не биде преземено. Не се случи да недостасува изборен материјал, доверлив или недоверлив, не се случи гласачко место да биде неотворено односно не се случи настан, како последица од не постапување или несоодветно и неадекватно постапување на ДИК а кое ќе им го оневозможи на гласачите остварувањето на нивното со Устав загарантирано право на глас.

Во изборниот процес, ДИК има полна дневна агенда за секој ден од изборите. Само постапувајќи по таа агенда, само со исполнување во целост на секојдневните агенди беше возможно да се преземат сите изборни дејствија навремено и целосно.

Во делот на постапките за јавни набавки, како што кажавме и погоре, ДИК во ниту една постапка не преговараше само со еден економски оператор, иако тоа е решение кое го овозможува ЗЈН, туку покана за преговарање беше доставувана до најмалку три економски оператори. За цело време на спроведување на постапките, до ДИК односно до Комисијата за јавни набавки немаше ниту еден приговор од економски оператор. Немаше ниту една поплака или протест заради несоодветен

третман или прием на економските оператори во ДИК, што е директен доказ и потврда дека сите постапки биле законито водени.

Со своите дејствија и начинот на кој ги спроведе јавните набавки во изборниот процес, ДИК успеа и покрај кратките рокови, работејќи под притисок на изборниот процес и покрај доцнењето со префрлање на средствата од страна на МФ на сметка на ДИК, да обезбеди конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Овде би напомнале дека, спротивно на правилата од ЗЈН за спроведување на постапка за јавна набавка преку постапка со преговарање без претходно објавување на оглас (член 99 ст.1 ал.3 од ЗЈН), еден од економските оператори поднесе жалба до Државната комисијата за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН). Оваа жалба, ДКЖЈН ја одби како неоснована и ја потврди одлуката за избор на најповолен понудувач на комисијата за јавни набавки на ДИК. Целокупниот материјал од постапката за јавна набавка како и материјалите во постапката по жалба и решението од ДКЖЈН беа презентирани и доставени до тимот на ДЗР кој ја вршеше ревизијата во ДИК, што е потврда дека оваа постапка е добро спроведена.

4.4.1. (5) Со извршената ревизија на начинот на планирање, доделувањето на договорите за јавни набавки на работи, стоки и услуги и следење на нивната реализација, ревизијата оцени дека дел од донесените поединечни одлуки за потреба од јавна набавка за изборни активности за двата изборни процеси се датирани со датум пред денот на усвојување и донесување на измените и дополнувањата на Одлуката за утврдување на план за вкупни потреби за јавни набавки и Годишниот план за јавни набавки;

<u>Одговор/Појаснување:</u> Согласно ЗЈН, договорниот орган не смее да отпочне со реализација на набавката доколку нема обезбедено соодветни средства.

За потребите на „Предвремените парламентарни избори 2011 година“, ДИК во повеќе наврати се обрати до МФ и бараше средствата кои Владата на РМ, на седницата одржана на 26.04.2011 година и ги одобри на ДИК за спроведување на изборите, да и бидат префрлени на сметка и ДИК да може слободно да располага со нив. ДИК, својата последна ургенција ја достави до МФ на 11.05.2011 година. На овој ден ДИК достави до МФ – Трезор, неколку налози за исплата на комитенти кои извршиле работи и испорачале материјали за потребите на ДИК. Но овие налози беа одбиени

и вратени од Трезор со образложение дека ДИК нема средства на својата сметка за нивна исплата. Дописот до Трезор и нивниот одговор беше презентиран до тимот на ДЗР кој ја вршеше ревизијата во ДИК. Средствата беа префрлени на сметка на ДИК дури на 15.05.2011 година, со валута 05.05.2011 година, додека истите за прв пат се појавија на приходната ставка на буџетот на ДИК на 15.05.2011 година. Изводите од сметката на ДИК за овој период исто така беа презентирани до тимот на ДЗР кој ја вршеше ревизијата во ДИК. Дури на 16.05.2011 година ДИК можеше слободно да располага со овие средства, па токму поради тоа на 16.05.2011 година, на седница на ДИК е донесен „Планот за набавки".

Како што наведовме во едно од претходните образложенија, изборниот процес е мошне динамична и жива материја, потребите и приоритетите за вршење на одредени работи се менуваат секојдневно, некогаш дури имаше и дневни промени, додека роковите во кои треба одредени дејствија да се преземат односно работите да се завршат се мошне кратки, некои се искажуваат дури и во часови. Во случај на предвремени парламентарни избори, роковите за дејствијата (освен за изборната кампања) се скратуваат за пет дена, што е уште пократко од и онака кратките редовни рокови за спроведување на изборните дејствија, видно од опишаната постапка во Изборниот законик и од Роковникот за извршување на изборните дејствија за спроведување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, јуни 2011 година, донесен на седница на ДИК на 15.04.2011 година и заведен во архивата на ДИК под број 10-631/1.

Во ситуација, кога на ДИК не и се префрлени доделените средства за спроведување на изборите, кога ДИК неможе да располага со овие средства а роковите за постапување и извршување на дејствија во изборниот процес течат, ДИК имаше голема одговорност, да ги чека средствата за изборите, веќе одобрени од Владата со одлука од 26.04.2011 година да и бидат префрлени на сметка (со што ги испочитува одредбите од ЗЈН) и исто така задолжително да постапува и да ги извршува дејствата и работите во однапред дадените рокови со што ги испочитува и одредбите од Изборниот законик и успеа навреме да ги преземе сите изборни дејствија кои директно зависеа од спроведувањето на јавните набавки.

Впрочем, добиените мислења од меѓународните и домашните набљудувачки мисии, кои во своите извештаи има само пофални зборови за работата на ДИК, особено во делот на организацијата на изборите и извршувањето на сите изборни дејствијата во роковите согласно Изборниот законик, е потврда за исправноста на постапувањата на ДИК.

Истовремено, ДИК презеде и други чекори, во врска со спроведувањето на јавните набавки во изборниот процес, се со цел да се осигури дека нејзините постапки се во согласност со ЗЈН.

Така, на 15.04.2011 година, во просториите на Бирото за јавни набавки (БЈН) се одржа состанок со раководството на БЈН, за што државниот советник за едукација има изготвено и доставено до ДИК службена белешка, од 15.04.2011 година. На овој состанок беа донесени неколку заклучоци, кои ќе ја детерминираат понатамошната позиција и ставот на ДИК по прашањата со јавните набавки во изборниот процес:

- За целиот изборен процес, имајќи предвид дека роковите за одделните дејствија се кратки а некои се искажуваат и во часови, ДИК да постапува согласно член 99 ст. (1) т.1, ал. 3 од ЗЈН, односно постапка со преговарање од крајна итност,
- За набавка на стоки, работи и услуги за спроведување на изборните дејствија, ДИК треба да спроведе постапки од крајна итност, член 99 ст. (1) т.1, ал. 3 од ЗЈН. Преговарањето може да се изврши и само со еден економски оператор. Во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас, не се бара најниска цена туку се бара испочитување на рокови и дејствија,
- ДИК и МНР, поединечно, да усвојат Одлука за потреба од набавка, како групна набавка., да склучат Договор за вршење на работи од групна набавка. МНР да спроведе постапка за избор и го објави јавниот повик. ДИК да ги плати фактурите за објавувањето по легнување на средствата на сметката на ДИК,
- За потребите од јавни набавки на изборен материјал, стоки, работи и услуги за спроведување на „Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 5 јуни 201", ДИК да изготви и усвои Одлука за потреба од јавна набавка на изборен материјал, стоки, работи и услуги за спроведување на „Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 5-ти јуни 2011 година" во која ќе бидат наведени сите набавки кои треба да се спроведат во изборниот процес, при што ДИК за секоја од набавките ќе распише постапката за доделување на договор за соодветната јавна набавка со посебна одлука, во која ДИК ќе ги определи количините на набавениот изборен материјал, стоки, работите и услугите, според видот на набавката.
- ДИК да изготви и усвои Посебен финансиски план за јавни набавки за спроведување на „Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2011 година" и
- ДИК, согласно одредбите од ЗЈН, до крајот од изборниот процес да изготви и усвои Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за

утврдување на план за вкупни потреби за набавки во текот на 2011 година и да го усвои изменетиот и дополнет Годишен план за јавните набавки за 2011 година. Овој план треба да биде усвоен најдоцна до 31.12.2011 година и во него да влезат сите набавки кои ДИК ги спровел во текот на 2011 година.

Постапувајќи согласно заклучоците од состанокот со БЈН, ДИК изготви Генерална одлука за потреба од јавна набавка на изборен материјал, стоки, работи и услуги за спроведување на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 5-ти јуни 2011 година, која беше усвоена на седницата одржана на 07.05.2011 година, па е логично секоја поединечна одлука за јавна набавка во изборен процес да е поврзана со оваа одлука и да го следи датумот на заверка на оваа одлука Исто така ДИК изготви и усвои Посебен финансиски план, бр. 02-1304/1 од 16.05.2011 година и Измена и дополна на годишниот план за јавни набавки, бр. 02-231/2 од 16.04.2011 година.

Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на планот за вкупни потреби за набавки во текот на 2011 година и изменетиот и дополнет Годишен план за јавните набавки за 2011 година, ДИК ги изготви и усвои дури откако, веќе одобрените средства со одлука на Владата од 26.04.2011 година, не и беа префрлени на сметка, односно на 16.05.2011 година.

Ова е единствената причина зошто поединечните одлуки за потреба од конкретна јавна набавка се заверени со дата која е пред усвојувањето на измените и дополнувањата на годишниот план за јавни набавки во 2011 година.

На крајот истакнуваме дека, освен за јавната набавка на услуги за објавување на јавен повик во странски весници, сите останати набавки се започнати со реализација по донесувањето на измените на годишниот план, односно од 17.05.2011 година, што значи дека не само што беа обезбедени средства со одлука на Владата од 26.04.2011 година туку ДИК изречно чекаше така обезбедените и одобрени средства да се префрлат на сметката на ДИК, за што во меѓувреме во неколку наврати достави и ургенции до МФ, и тоа на 21-ви април, 29-ти април и 11-ти мај 2011 година.

Факт е дека, и покрај изнесеното во забелешката, ДИК во целост ги испочитува одредбите од ЗЈН бидејќи средствата за спроведување на изборните дејствија и беа одобрени и обезбедени со одлука на Владата на Република Македонија на 26.04.2011 година, истите беа префрлени на сметката на ДИК на 15.05.2011 година со валута 05.05.2011 година, само датумот на заверка на одлуките за утврдување на потреба од јавна набавка е 07.05.2011 година а фактичкото спроведување на постапките за јавните набавки е по 17.05.2011 година, односно ДИК нема отпочнато

постапка пред одобрените и обезбедени средства да и „легнат" на сметката.

4.4.1. (6) Со извршената ревизија на начинот на планирање, доделувањето на договорите за јавни набавки на работи, стоки и услуги и следење на нивната реализација, ревизијата оцени дека до Бирото за јавни набавки не се доставени известувања за склучените договори за јавна набавка на стоки и услуги поврзани со изборните активности по спроведените постапки со преговарање без претходно објавување на оглас.

<u>Одговор/Појаснување:</u> Согласно ЗЈН, договорниот орган доставува до БЈН известување за склучен договор заради објавување на веб страницата на БЈН.

Како што наведовме во повеќето од одговорите дадени по претходните наоди, ДИК, при спроведувањето на набавките за „Предвремените парламентарни избори 2011" имаше тесна соработка со БЈН. Така ДИК го одржа првиот (иницијален) состанок со БЈН веќе на 15.04.2011 година и на овој состанок се донесоа неколку заклучоци (за да не ги повторуваме истите, ве упатуваме на објаснувањето по потточка (5) од оваа точка 4.4.1.).

Покрај овој прв состанок, за цело време на изборите ДИК и БЈН беа во контакт и организираа заеднички средби, на кои средби се разгледуваа прашања поврзани со спроведувањето на јавните набавки во изборите, вклучително и текстот на договорите за доделување на јавните набавки.

Ова се случи заради измените во Изборниот законик, кои беа воведени непосредно пред распишувањето на изборите како и измените и дополнувањата на ЗЈН, кои исто така беа донесени непосредно пред распишувањето на изборите. Така, БЈН во целост беше запознаена со бројот, видот и содржината на склучените договори за јавни набавки за изборите. На ДИК единствено и преостана да ги објави во ЕСЈН известувањата за договорите склучени во постапка за јавна набавка со барање за прибирање на понуди, нешто што ДИК и го направи. Впрочем, тоа е законска обврска согласно член 103 од ЗЈН, односно обврска договорниот орган да ја објави во ЕСЈН евиденцијата за склучени договори од постапките за набавка со барање за прибирање на понуди, во јули и декември за претходниот полугодишен период.

Дури со измените на ЗЈН од декември 2011 година и новото софтверско решение на ЕСЈН од март 2012 година, воведен е посебен дел од софтверот во кој електронски се пријавуваат склучените договори во отворена постапка, ограничена постапка, конкурентен дијалог или

постапката со преговарање со и без претходно објавување на оглас., кој стана оперативен односно функционира од март 2012 година.

Доделување на договори за јавни набавки за редовни активности

4.4.1. (7) При извршената ревизија на начинот на доделувањето на договорите за јавни набавки за редовните активности на ДИК, ревизорскиот тим утврди дека е донесена одлука за јавна набавка на градежно занатски работи и услуги за адаптација на постоечкиот деловен простор во работните простории на ДИК со спроведување на постапка со преговарање без претходно објавување на оглас. Утврдената постапка и висината на средствата не се усогласени со планот за јавни набавки. Од извршениот увид во презентираната документација за реализација на склучените договори со избраните економски оператори, ревизијата констатира дека предметот на набавка по вид и обем наведен во фактурите не е во целост усогласен со понудите и склучените договори, евидентно е надминување на утврдениот рок за изведување на работите, во записникот за примопредавање не е наведен датумот кога е извршена проверка на завршените работи. Склучени се два анекс договори, со кои еден од економските оператори извршил дополнителни работи кои изнесуваат 48% повеќе од вредноста на основниот договор. За констатираната потреба од дополнителни работи не е донесена соодветна одлука.

Одговор/Појаснување: Како што наведовме и претходно, нема да ги повторува своите одговори во целост, туку само во кратки црти ќе ги сумираме истите забелешки за исти работи.

Во врска со наводите дека оваа набавка не е усогласена со планот за јавни набавки за 2011 година а со цел да не се повторуваме во нашите одговори, Ве молиме да обрнете внимание на деталните одговори по точките (1) и (2) од оваа потточка 4.1.1. Повторно обрнуваме внимание на фактот дека на 27.11.2011 година, ДИК донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на планот за вкупните потреби од јавни набавки во текот на 2011 година со Годишен план за јавни набавки во 2011 година, бр. 02-231/4 и План за изменување и дополнување на годишен план за јавни набавки во 2011 година, бр. 02-231/5. На крајот беше изготвен и Пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки во 2011 година, изготвен согласно одредбите од член 26 од ЗЈН и Правилникот за формата и содржината на годишниот план за јавни набавки. Тоа значи дека, согласно законските одредби, ДИК изврши целосно усогласување на Годишниот план со потребите во текот на целата 2011 година односно изврши измена и дополна на годишниот план за јавни набавки во 2011 година согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки во текот на целата 2011 година и изготви пречистен текст. Сите наведени

документи (одлуки, планови, решенија, дописи, ургенции и др.) беа презентирани до тимот на ДЗР кој ја вршеше ревизијата во ДИК.

Во врска со наводите дека предметот на набавка по вид и обем наведен во фактурите не е во целост усогласен со понудите и склучените договори, сакаме да истакнеме дека средствата од кои се платија извршените работи и набавената стока беа од повеќе ставки од буџетот на ДИК за 2011 година. Нормално е фактурите да бидат расчленети, односно „разбиени" во смисла да комплетните ставки во секоја од фактурите да може и да биде платена од една ставка од буџетот на ДИК а не да се изведува гимнастика и плаќањето на некоја фактура да биде извршено од две или повеќе ставки од буџетот на ДИК. Затоа и фактурите се направени на тој начин а тоа го бараше и ДИК заради побрза и поефикасна исплата.

Во врска со наводите дека евидентно е надминување на утврдениот рок за изведување на работите, а истовремено во записникот за примопредавање не е наведен датумот кога е извршена проверка на завршените работи немаме коментар. Имаме само прашања: Ако во записникот наводно нема датум кога е извршена проверката и наводно нема дата кога е извршено предавањето, како е утврдено доцнењето? Што е евидентно и врз основа на што е утврдена евидентноста?

Во врска со наводите дека се склучени се два анекс договори, со кои еден од економските оператори извршил дополнителни работи кои изнесуваат 48% повеќе од вредноста на основниот договор, дека за констатираната потреба од дополнителни работи не е донесена соодветна одлука истакнуваме дека наводите се паушални и субјективни. Повторно истакнуваме дека ревизорскиот тим покажа извонредно непознавање на позитивните законски прописи на РМ и исклучително субјективен и негативен однос кон приложените акти. Само потсетуваме дека во досието од јавната набавка има Договор, Барање согласност за изведување на дополнителни работи, Согласност за изведување дополнителни работи, Анекс кон договорот, Записник за примопредавање, градежни книги и градежен дневник.

При тоа сите преземени активности при спроведувањето на јавната набавка се во согласност со одредбите на ЗЈН.

4.4.1. (8) При извршената ревизија на начинот на доделувањето на договорите за јавни набавки за редовните активности на ДИК, ревизорскиот тим утврди дека врз основа на спроведена постапка со прибирање на понуди без објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка за услуги за дијагностика, поправка и одржување на моторните возила во сопственост на ДИК склучен е договор со избраниот најповолен понудувач во кој не е определена вкупна

вредност. Од извршениот увид во презентираната документација ревизијата утврди дека во известувачкиот период се вршени набавки на резервни делови кои не биле предвидени во понудата, вредноста на извршената услуга (работна рака) во фактурите не може да се потврди. Вкупниот износ на набавки го надминуваат за повеќе од 50% износот на обезбедени средства со одлуката за јавна набавка при што не е донесена одлука за потреба од дополнителни работи и не е спроведена соодветна постапка за доделување на договор за јавна набавка, што не е во согласност со член 27 и член 99 од Законот за јавни набавки.

Одговор/Појаснување: Во врска со наводите дека ДИК склучил договор со избраниот најповолен понудувач во кој не е определена вкупна вредност на набавката како и дека се вршени набавки на резервни делови кои не биле предвидени во понудата, го даваме следното образложение:

Се работи за специфичен договор. Специфичноста се гледа во фактот дека е во прашање набавка на услуги за поправка и одржување на моторни возила во текот на целата година, при што потребата од некоја т.е. секоја услуга би настанала во иднина. Во моментот на склучувањето на договорот, ДИК нема потреба од конкретна услуга но во некое идно, неопределено време (во периодот од една година) МОЖЕ да настане потреба од добивање на една или повеќе услуги.

Ставаме акцент на зборот „МОЖЕ". Потребата од услуга може а и немора да постои или да се јави. Значи, природата на овој договор е ДИК да се обезбеди за справување со некоја идна, непредвидлива или непредвидена ситуација. Непредвидлива е затоа што ДИК неможе да знае однапред кога и дали ќе настапи некој ризичен настан, во случајов дефект на нејзино возило. Непредвидена е затоа што ДИК исто така неможе да знае кое возило и кој негов дел ќе откаже, кога и каде би се случил овој настан.

Значи, природата на овој договор е „договор за непознато". Во правната наука тоа се таканаречените „алеаторни" односно „коцкарски" договори. Настанот може да се случи но немора, по договорот може но немора да има плаќање, може но немора да настане должничко - доверителски однос.

Од сето погоре кажано може да се извлече заклучок дека во моментот на склучувањето на договорот не е возможно да се определи вкупната вредност на услугите, бројот на услугите и видот и потребата од резервните делови. Во моментот на склучување на договорот само се определува вредносната рамка во која договорниот орган може да се движи, што е и направено со овој договор..

Во врска со наводите дека вкупниот износ на набавки го надминуваат за повеќе од 50% износот на обезбедени средства со одлуката за јавна набавка, при што не е донесена одлука за потреба од дополнителни работи, го даваме следното образложение:

Возилата во сопственост на ДИК се стари и амортизирани. Така, ДИК поседува Volkswagen Golf произведен во 1999 година со поминати над 350 000 километри, Audi A4 Avant произведен 1998 година со поминати над 300 000 километри, BMW 520i произведен 1990 година со поминати над 250 000 километри и Citroen Berlingo произведен во 2006 година со поминати над 65 000 километри.

Иако во нацрт ревизорскиот извештај, ревизорскиот тим врши разграничување на набавки за редовни активности и набавки во изборен процес, не е јасно зошто не е извршено разграничување и за овој вид на набавка.

Имено, по распишувањето на предвремените парламентарни избори 2011 и предвремените избори за градоначалник на Сарај 2011 година, во буџетот на ДИК наменет за спроведување на изборите, има посебна ставка со намена за услуги на дијагностика и одржување на моторни возила на ДИК.

Во изборите ДИК своите возила ги користи мошне активно и постојано. Нивната амортизираност доаѓа до израз кога истите се предмет на секојдневна употреба. А за време на изборите, секојдневно поминуваа и по неколку стотици километри. Имајќи ја предвид нивната општа состојба, возилата на ДИК за време на изборите се поподложни на расипување, како последица на нивната старост, честотата во употребата и поминатата километража. Во овој период се извршени повеќе интервенции врз возилата на ДИК се со цел нивната исправност и функционалност да биде во прифатливи рамки. Ова особено е важно и од аспект на нивната сигурност и сигурноста на оние што се возат со нив. Нагласуваме, за да нема забуни, се работи за извршување на редовни и вонредни, инцидентни активности, вообичаени за изборите а не за лични или приватни цели.

За да се добие целосна слика, треба да се земат предвид објаснувањата дадени по претходните точки, а особено оние кои се однесуваа на постапките за планирање на јавните набавки за изборите, континуираните состаноци со БЈН и обезбедувањето на финансиските средства. Потоа многу лесно ќе се утврди дека и овие наводи, како и сите останати наводи во Нацрт извештајот од спроведената ревизија, се произволни и паушални, дури може да се каже и тенденциозни, исполнети со субјективни оценки кои пак се резултат од непознавањето на

позитивните закони на РМ и немањето апсолутно никакви допирни точки со изборите и изборната проблематика.

4.4.1. (9) При извршената ревизија на начинот на доделувањето на договорите за јавни набавки за редовните активности на ДИК, ревизорскиот тим утврди дека е спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на услуги за одржување и сервисирање на информатичка опрема во сопственост на ДИК со барање за прибирање на понуди без претходно објавување на оглас. Со извршениот увид во одредбите на склучениот договор, расположливата документација од спроведената постапка и примените фактури од добавувачот, ревизијата констатира дека од избраниот понудувач во два наврати набавени се хард дискови чија што вредност ја надминува вредноста на склучениот договор и висината на обезбедени средства со одлуката за јавна набавка. Во тендерската документација покрај другото е определено понудувачите да доставаат и ценовник за критичните делови за системот надвор од гарантен рок за кои би можела да се јави потреба од нивна замена, и тоа посебно за сервери, десктопи и лаптопи, при што не се обезбедени средства за нивна набавка, а цените на резервните делови не се предмет на евалуација за избор на најповолна понуда.

Одговор/Појаснување: Во врска со наводите од точка (9), го даваме следното образложение:

И во овој случај, како и во точката (8) се работи за специфичен договор. Но за разлика од претходниот договор, овде имаме два вида на услуги опфатени со еден договор. Едната се однесува на вршење на редовна, периодична т.е. месечна контрола и одржување на ИТ опремата (сервери, десктоп компјутери, лаптоп компјутери, принтери и друга информатичка опрема во сопственост на ДИК.). За секоја извршена месечна контрола, извршителот на услугите доставува извештај со наоди и потреба од евентуални замени за критични или расипани компоненти. Вториот дел од договорот е чист „алеаторен" договор. Се однесува на евентуална замена на нефункционалните компоненти со нови. Потребата од овие услуга (исто како и во точката (8) евентуално би настанала во иднина. Во моментот на склучувањето на договорот, ДИК нема потреба од конкретна услуга но во некое идно, неопределено време МОЖЕ да настане критичен настан и да се јави потреба од добивање на една или повеќе услуги.

Исто и како наодот во точката (8), иако во нацрт ревизорскиот извештај, ревизорскиот тим врши разграничување на набавки за редовни активности и набавки во изборен процес, не е јасно зошто не е извршено разграничување и за овој вид на набавка.

ДИК, по распишувањето на предвремените парламентарни избори 2011 и предвремените избори за градоначалник на Сарај 2011 година, во својот буџет, наменет за спроведување на изборите, има посебна ставка со намена за услуги на одржување и сервисирање на информатичката опрема.

Непосредно пред Собранието на РМ да се само распушти, се случи првата хаварија на серверите, т.е. хард дисковите во серверските единици на ДИК доживеаја колапс и еден дел од нив прегореа. Бидејќи беше совршено јасно дека ќе има предвремени парламентарни избори, ДИК мораше да преземе чекори и да ја стави целата своја опрема во функција. Затоа од сметката за редовните активности, ДИК ги набави потребните хард дискови.

Но и во самиот изборен процес се случи нова хаварија.

Имено, на 26 мај 2011 година, серверите на ДИК престанаа да функционираат. Бидејќи истите се производ на компанијата ИБМ, ДИК имаше склучено договор за одржување на информатичката опрема со ИНет ДОО Скопје, како овластен дистрибутер и сервисер на ИБМ во Македонија. На 26 мај 2011 година, стручна екипа од ИНет изврши контрола на, сега веќе расипаната информатичка опрема и утврди дека HDD дисковите се „прегорени" и истите мораат да се заменат. Од причини од крајна итност предизвикани од настан кој Државната изборна комисија не можела да го предвиди и не може да и се припише како пропуст (не е возможно однапред да се предвиди дали и кога некој дел ќе се расипе односно ќе престане да функционира) а со цел оспособување на информатичката опрема и ставање на истата во функција на спроведување на Предвремените парламентарни избори, кои беа во тек, и чии изборни дејствија беа со скратени рокови, ДИК беше упатена итно да ја набави потребната стока преку постапка со преговарање без претходно објавување на оглас. За оваа набавка ДИК спроведе целосна постапка, донесе одлука, изврши преговарање и склучи договор.

Од ова јасно се гледа дека се работи за две посебни постапки, две посебни одлуки и два посебни договори, настанати во две различни ситуации. Изворот на средствата е од две различни програми.

Затоа не е јасно како може ревизорскиот тим да ги стави двата договора во ист кош, да не ја зема предвид втората одлука и да констатира дека ДИК извршила набавки чии збирни износи ја надминале вредноста на обезбедените средства по одлуката за набавка од редовните активности.

Од сето погоре кажано може да се извлече заклучок дека и овие наводи, како и сите останати наводи во Нацрт извештајот од спроведената

ревизија, се произволни и паушални, дури може да се каже и тенденциозни, исполнети со субјективни оценки кои пак се резултат од непознавањето на позитивните закони на РМ и немањето апсолутно никакви допирни точки со изборите и изборната проблематика.

Доделување на договори за јавни набавки за потребите на изборниот процес

4.4.1 (10) Во известувачкиот период спроведени се два циклуси на предвремени избори и тоа предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 05-ти јуни 2011 година и предвремените избори за градоначалник на општина Сарај одржани на 18-ти декември 2011 година. Со извршената ревизија на спроведените постапки ревизијата констатира одредени состојби со кои се повредуваат основните принципи од Законот за јавни набавки (конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки) и тоа:

во известувачкиот период со првобитниот носител на набавката склучени се:

анекс на договор за испорака и инсталација на ГИС апликативен софтвер во износ од 389 илјади денари,

анекс на договор за одржување на апликативен софтвер за деловно работење со месечен надомест од 15 илјади денари

договор за набавка на автоматски печати со сопствено перниче, резервни перничиња и сервисирање на постојните печати за потребите на предвремени парламентарни избори јуни 2011 година во износ од 727 илјади денари без да биде спроведена постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, што не е во согласност со член 99 од Законот за јавни набавки;

во известувачкиот период ДИК имал потреба од мрежна опрема која би била во функција за поврзување на ДИК со Општинските изборни комисии за непречено пренесување на информации во насока на спроведување предвремените парламентарни избори, 05-ти јуни 2011 година. Имајќи ги во предвид изнесените состојби во делот на нагласувања на прашања за неизвесност или континуитет од овој Извештај ДИК пристапува кон склучување на два договори со провајдерот на АДСЛ линии за позајмување на мрежна опрема во траење од 1 месец со вкупна вредност од 697 илјади денари. При тоа на ревизијата не и е презентиран акт/одлука со кој е утврдена потребата за закуп на мрежната опрема (видот и количината), висината на обезбедени средства за таа намена и не е спроведена постапка со преговарање без објавување на оглас. Од страна на провајдерот до ДИК доставени се фактури за закуп, конфигурација и инсталација на опремата согласно склучените договори, при што кон истите се приложени потпишани записници за примопредавање на опремата кои немаат датум.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

Одговор/Појаснување: Во врска со наводите од точка (1), ги даваме следните образложенија:

Што се однесува до констатацијата дека со одредени состојби во постапките за доделување на договори за јавни набавки за потребите на изборниот процес се повредуваат основните принципи од ЗЈН набавки (конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки) го даваме следното појаснување:

Со одредбите од ЗЈН се обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Во зависност од утврдената потреба, проценетата вредност на набавката и времето кое му стои на располагање на договорниот орган, секоја поединечна потреба може да ја намири преку спроведување на соодветна постапка: отворена постапка, ограничената постапка, конкурентниот дијалог, постапката со преговарање со и без претходно објавување на оглас, постапка со барање за прибирање на понуди со и без објавување на оглас.

Договорниот орган спроведува постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, за набавка на стоки, работи и услуги, меѓу останатото и од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, при што како последица од итноста не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас. Постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, се применува во случаи кога ситуацијата објективно не дозволува спроведување на другите постапки за доделување на договорите за јавни набавки. Значи ДИК мораше да се одлучи за оваа постапка како последен избор.

Согласно член 99 став 1 алинеја 3 – постапката со преговарање се користи во случај на крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како

пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас.

Овој член се користи во случај на КРАЈНА ИТНОСТ, т.е. така наречена екстремна итност така што неможе да се почитуваат роковите за редовните постапки, дури ни скратени рокови.

Втор случај кога се користи овој член е НЕПРЕДВИДЛИВОСТА. Крајната итност произлезе од настан што договорниот орган објективно не можел да го предвиди, предвремени избори, за што, согласно член 99 став 4 дадено е детално образложение за причините за спроведување на овој член, прилог на секоја одлука за набавка.

Во член 99 никаде стриктно не е наведен бројот на економски оператори до кој треба да се достават покани или бројот на понудувачи кои треба да се викнат на преговори. Воедно никаде не се дефинирани рокови за спроведување на постапката, сето тоа зависи од итноста на набавката. Имајќи го во предвид се ова, сепак комисијата за јавни набавки работеше транспарентно и доставуваше покани до најмалку тројца понудувачи. Оттука сметаме дека е обезбеден еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност, во процесот на јавни набавки, како и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договорите за јавни набавки.

Во вакви набавки нормално е да се викнат на преговори фирми со кои се има позитивно искуство од досегашната практика, а тоа е наметнато од кратките рокови и сериозноста на Изборниот процес А забелешката дека постапките се завршени во многу краток период повторно нагласуваме дека тоа е единствената причина поради која се користи член 99, во спротивно ќе се користеа соодветните постапки за јавни набавки.

Како што беше кажано и на состанокот со БЈН, одржан на 15.04.2011 година, за целиот изборен процес, имајќи предвид дека роковите за одделните дејствија се кратки а некои се искажуваат и во часови, ДИК треба да постапува согласно член 99 ст. (1) т.1, ал. 3 од ЗЈН, односно постапка со преговарање од крајна итност,

При спроведувањето на постапки од крајна итност, член 99 ст. (1) т.1, ал. 3 од ЗЈН, договорниот орган преговарањето може да го води и заврши и само со еден економски оператор. Ова, од причини што во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас од причини на крајна итност, не секогаш и не по секоја цена да се бара најниска цена на слугата, туку се бара испочитување на рокови, дејствија и квалитет.

ДИК за цело време на изборниот процес постапуваше согласно одредбите од ЗЈН, спроведувајќи постапки од крајна итност, т.е. постапки со преговарање без претходно објавување на оглас. Но за разлика од законските можности, ДИК за ниту една постапка не преговараше само со еден економски оператор, туку покана за преговарање беше доставувана до најмалку три економски оператори.

Со овие свои дејствија и начинот на кој ги спроведе јавните набавки во изборниот процес, ДИК успеа и покрај кратките рокови, работејќи под притисок на изборниот процес и доцнење на префрлањето на средствата од страна на МФ на сметка на ДИК, да обезбеди конкуренција, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Што се однесува до констатацијата дека со договор за набавка на автоматски печати со сопствено перниче, резервни перничиња и сервисирање на постојните печати за потребите на предвремени парламентарни избори јуни 2011 година во износ од 727 илјади денари без да биде спроведена постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, што не е во согласност со член 99 од Законот за јавни набавки, го даваме следното појаснување:

Обврската за имање на печати со бројот на избирачкото место за прв пат е воведена со Изборниот законик во 2006 година.

ДИК до сега во два наврата купи комплет од 2976 печати со бројот на избирачки места и тоа во 2006 година од Инерпејпер ДОО Скопје и во 2009 година од Агенс ДОО Скопје.

Постојните печати, кои ДИК ги употребува се набавени од Агенс. Истите се автоматски, од австриско производство, од моделот „Колпо“.

За изборите 2011 година, ДИК не набави нов комплет на печати. Економската логика укажуваше дека за рационално и ефикасно искористување на средствата, ДИК треба да изврши сервисирање на постојните печати (да се провери нивната исправност и исправноста на отпечатокот). Понатаму, со цел унифицирање на изборниот материјал (печатите се дел од доверливиот изборен материјал) поедноставно е и економски поисплатливо да се направат 36 нови печати за гласање во ДКП на РМ во странство отколку да се набави цел нов комплет од 3012 печати со број на избирачки места (2976 во РМ + 36 за гласање во ДКП).

Бидејќи ДИК и Агенс склучија договор за набавка на печати во 2009 година, ДИК сметаше дека се исполнети условите од чл. 99 ст. 2 ал. 2, односно тоа е ситуација кога: „договорниот орган мора да набави

дополнителни испораки од првобитниот носител на набавка заради делумна замена на вообичаените стоки и проширување на постојните стоки, при што промената на понудувачот би го обврзала договорниот орган да купи материјал кој има поинакви технички карактеристики што би резултирало со некомпатибилност или несразмерни технички тешкотии во функционирањето и одржувањето. Должината на дополнителните набавки не смее да надмине три години од склучувањето на основниот договор, а нивната вредност не смее да надмине 30% од вредноста на основниот договор", што значи дека ДИК и за овие 36 мали печати постапила согласно ЗЈН.

На овој начин се изврши заштеда во Буџетот на РМ а ДИК успеа да го одржи квалитетот и унифицираноста на доверливиот изборен материјал.

Што се однесува до констатацијата дека на ревизијата не и е презентиран акт/одлука со кој е утврдена потребата за закуп на мрежната опрема (видот и количината), висината на обезбедени средства за таа намена и не е спроведена постапка со преговарање без објавување на оглас, го даваме следното појаснување:

За потребите на изборниот процес, односно за потребите за комуникација и трансфер на податоци за време на изборите, ДИК склучува договор за закупна телефонски и интернет линии, за сите 84 општински изборни комисии.

Потребата од закуп, а не набавка што е битно различно, на интернет (АДСЛ) линии е и заради исполнување на законската обврска од член 135 од Изборниот законик каде се вели дека ДИК првичните резултати од изборите добиени по електронски пат ги објавува сукцесивно.

ДИК има купено и развиено софтвер преку кој од секоја Општинска изборна комисија, по електронски пат се внесуваат податоци за резултатите од гласањето за секое гласачко место поединечно. Трансферот на овие податоци е преку користење на заштитена интернет врска помеѓу седиштето на ДИК (систем серверот каде се наоѓа софтверот за прибирање и обработка на изборните резултати) и поединечните седишта на 84-те општински изборни комисии.

Закупот на интернет линии е само дел од набавката. Имено, интернет линиите се линии кои можат да се користат само доколку се има адекватна опрема за истите. Несоодветна споредба, но колку да можеме да го објасниме принципот, би била споредбата со обичните телефонски линии. Доколку немата телефонски апарат, не сте во можност да ги користите телефонските линии и да комуницирате. Соодветно на тоа е и

имањето на мрежна опрема (модеми и рутери), кои ќе ви овозможат користење на интернетот, од најобично сурфање па до трансфер (испраќање, пренос и прием) на податоци за изборите.

Секоја организација/институција или пак домаќинство, кога купува интернет АДСЛ врска, задолжително добива на користење и АДСЛ модем. За модемот плаќа сума за изнајмување а месечните сметки претставуваат сметки за остварен сообраќај. Повторно споредба со телефонот, ако сакате можете да купите телефонски апарат ама можете и да го изнајмите. Операторот ќе ви наплати износ за услугата на изнајмување на телефонскиот апарат а месечно ќе во доаѓаат сметки за остварени разговори т.е. сообраќај.

Истиот е случајот и со оваа набавка. Потребата од закуп на линии ја апсолвира и опремата со која линиите се ставаат во функција. Во спротивно, нема услуга туку само сте фрлиле пари на нешто што не можете да го користите.

Затоа се и заложбите на ДИК, да има во сопственост т.е. да купи соодветна мрежна опрема. На тој начин во иднина ќе треба само да плаќа за интернет линиите (за споредба со телефонот само за приклучок за нов број) а не и да плаќа за закуп на мрежна опрема (рутери, модеми и сл.).

Во конкретниот случај, Македонски Телекомуникации АД Скопје и ОНЕ ДОО Скопје се единствените во Република Македонија кои можат веднаш да опслужат корисници со толкав број на мрежна опрема и воедно да дадат заштитена интернет линија.

Што се однесува до анекс на договор за испорака и инсталација на ГИС апликативен софтвер во износ од 389 илјади денари и анекс на договор за одржување на апликативен софтвер за деловно работење со месечен надомест од 15 илјади денари, го даваме следното појаснување:

За потребите на ДИК во 2010 година набавен е Географски информатички систем (ГИС) апликативен софтвер. Со измените и дополнувањата на изборниот законик, објавени во „Службен весник на Република Македонија", број 44 од 2011 година, меѓу другото се дефинира и изборниот модел и начинот на избор на тројца пратеници од „дијаспората", ДКП-а каде ќе се одвива гласањето, кога ќе се одржи ова гласање, бројот и составот на избирачките одбори кои ќе го спроведат ова гласање.

Постојниот апликативен софтвер не можеше да одговори на новите барања, особено во делот кој се однесуваше на следењето и прикажувањето на изборите во „дијаспората". Затоа се наметна потребата од унапредување на софтверот, односно од набавка на услуга за изработка на Интегриран информатички систем на ДИК за управување со процесите на парламентарни избори.

Бидејќи ова не е нов софтвер туку надградба на постојниот, логично е и законски е изготвувачот на постојниот софтвер да го изработи потребното дополнување и истото интегрира во постојниот систем. Ова уште повеќе бидејќи ДИК е само корисник на системот. Авторските права не се на ДИК па соодветно на тоа и „авторизацискиот код" од софтверот, со кој се овозможува негова измена или дополна ДИК го нема.

На крајот мора да се каже дека договорот за набавка на основниот програм беше склучен во 2010 година, што значи дека се исполнети условите од чл. 99 ст. 2 ал. 2, односно дека тоа е ситуација кога: „договорниот орган мора да набави дополнителни испораки од првобитниот носител на набавка заради делумна замена на вообичаените стоки и проширување на постојните стоки, при што промената на понудувачот би го обврзала договорниот орган да купи материјал кој има поинакви технички карактеристики што би резултирало со некомпатибилност или несразмерни технички тешкотии во функционирањето и одржувањето. Должината на дополнителните набавки не смее да надмине три години од склучувањето на основниот договор, а нивната вредност не смее да надмине 30% од вредноста на основниот договор", што значи дека ДИК во целост постапи согласно ЗЈН.

Истото се однесува и на анексот кон договорот за апликативен софтвер за деловно работење. Бидејќи и ова не е нов софтвер, туку надградба на постојниот, логично е и законски е изготвувачот на постојниот софтвер да го изработи потребното дополнување и истото интегрира во постојниот систем. Ова уште повеќе бидејќи ДИК е само корисник на системот. Авторските права не се на ДИК па соодветно на тоа и „авторизацискиот код" од софтверот, со кој се овозможува негова измена или дополна ДИК го нема.

На крајот да појасниме дека е практично невозможно да се набави „авторизациски код" за соодветно софтверско решение, доколку договорниот орган се јави како корисник а не го финансира изготвувањето на софтверот. Доколку и се постигне согласност за купување на авторизацискиот код, цената е многукратно поголема во однос на цената на изработка на нов софтвер или набавка на лиценца за користење.

4.4.2. Склучен е Договор за користење на услуги за транспорт и хотелско сместување на лица именувани во избирачките одбори во ДКП-а за предвремените парламентарни избори, 05-ти јуни 2011 година, во вредност од 25.361 илјада денари и Анекс 4 на истиот, за дополнителните непредвидени работи во вредност од 165 илјади денари. При увид во начинот на реализацијата

на одредбите од договорот и попратната документација утврдени се подолу наведените состојби:

во член 7 од одредбите на наведениот договор е уреден начинот на доставување на фактурата односно уредено е дека истата се доставува по извршување на услугата, притоа приложувајќи ги потребните документи уредени во наведениот член. Спротивно на наведениот член од договорот, пред целосното извршување на услугата, на ден 31.05.2011 година на носителот на предметната набавка извршено е авансно плаќање на вкупниот договорен износ по фактура во износ од 25.361 илјади денари;

со одредбите на членовите 3 и 7 од наведениот договор уредени се постапките на обезбедување на потребните услуги како и нивно документирање со приложување на потребната документација за извршените услуги. За таа цел на ден 25.07.2011 година ДИК писмено побарала од економскиот оператор да достави соодветна документација за извршените услуги. На ден 03.08.2011 година економскиот оператор доставил прилог/препис на Извештај (кој е со архивски печат но без број, а е со дата 13.06.2011 година), во кој е наведено дека со истиот е доставена потребната попратна документација. На ревизијата не и се презентирани уредни и веродостојни акти кои содржат податоци дека сите наведени прилози се предадени и доставени до ДИК кои би послужиле како основ за потврдување на извршените услуги;

презентирани се акти/дописи од економскиот оператор со наслов „предадени патни документи" поединечно за триесет и шесте (36) избирачки одбори во ДКП-а. На наведените акти/дописи вршени се корекции (рачно) во делот на предадените патни исправи и во делот на наведените имиња и презимиња на лицата (со коригирање и со додавање на одредени описи на документи и лица), без притоа секоја корекција да е проследена со верификација/потпис од страна на лицето/правниот субјект кој ја извршил; без наведување на полни имиња и презимиња и печати од лицата и правните субјекти помеѓу кои е извршено предавање односно примање на наведените патни исправи; и без потписи од страна на наведените лица/членови на избирачките одбори во ДКП-а дека ги примиле наведените акти;

на ден 07.09.2011 година, извршена е исплата на износ од 165 илјади денари без ддв по Анекс договорот по четири (4) фактури со дата од 04.07.2011 година, без презентирање на соодветна поткрепувачка документација како основ за исплатата.

Одговор/Појаснување: Во врска со наводите од потточката 4.4.2, ги даваме следните образложенија:

Како што спомнавме на неколку места во овие оговори, спроведување на избори во „дијаспората" односно спроведување на гласање во ДКП-а на РМ во странство, за прв пат се направи во 2011 година.

ДИК за прв пат беше исправен пред голема, тешка и крајно предизвикувачка логистичка операција, транспорт на членовите на ИО до соодветното ДКП, изготвување и транспорт на доверлив и недоверлив изборен материјал за ова гласање како и враќање на луѓето и материјалите во земјата.

Од овие причини беше склучен Договор за користење на услуги за транспорт и хотелско сместување на лица именувани во избирачките одбори во ДКП-а со најповолниот економски оператор.

Економскиот оператор во неколку наврати ја предупреди ДИК дека, согласно меѓународните правила за издавање на електронски авионски билети и правилата за работа на интернационалниот систем за билети „Амадеус" не смее да се издаде билет доколку не се потврди резервацијата и на изврши плаќање, било да е целосно или само во дел т.е. аванс за издадени карти. За да не се доведе во ситуација да не се издадат картите за патување на членовите на ИО во странство, за што постоеше реална можност тоа да се случи, ДИК оцени дека е во функција на спроведување на изборите да ги плати авансно овие средства, особено ако се има предвид дека средствата веќе беа обезбедени а последиците од неплаќањето би биле катастрофални за изборниот процес и за целата држава.

Не се случи ниту едно дејствие во изборите да не биде преземено, ниту еден рок да биде „пробиен". ДИК во целост ги изврши своите обврски како кон изборниот процес, така и кон сите учесници во изборите а се разбира и кон сите добавувачи на стоки услуги и работи.

ДИК неможе да ги разбере сомнежите на ревизорскиот тим кои се однесуваа на потврдување на извршените услуги. Се бараа „веродостојни акти со податоци" кои би потврдиле за извршените услуги. ДИК само истакнува дека за секое лице од ИО во ДКП, кое патуваше до крајната дестинација, даде патен налог. Исто така им исплати дневници и даде аванс за тоа патување. Секое лице кое патуваше, по неговото враќање во Скопје, во прилог на патниот налог достави билети, Бординг пас, сметки од хотелско сместување, копија од пасош со влез во земјата каде отпатувал. И сето ова не е доволен доказ за извршените услуги туку се бараат „веродостојни акти со податоци". Кога тимот кој ја изврши ревизијата беше прашан на какви веродостојни акти со податоци се мисли, немаа одговор. Се бараше нешто а што и самиот ревизорски тим не можеше да ни каже.

Сметаме дека и овие наводи се произволни и паушални, дури може да се каже и тенденциозни, исполнети со субјективни оценки кои пак се резултат од непознавањето на позитивните закони на РМ и немањето апсолутно никакви допирни точки со изборите и изборната проблематика.

4.4.3. Надоместувањето за извршениот ангажман на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на предвремените парламентарни избори, 05-ти јуни 2011 година, е уредено со Правилник за надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на предвремените избори 2011 година, Упатство за надоместокот на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на предвремените избори 2011 година и повеќе Одлуки донесени од ДИК во текот на 2011 година. При увид на наведените акти, пресметувањето и начинот на реализација/исплата на надоместоците и нивната евиденција утврдени се подолу наведените состојби и тоа:

не се презентирани извештаи за работа од страна на сите членовите на изборната администрација (вработените во стручната служба на ДИК, лица времено ангажирани за изборен процес во помошните тела на ДИК и други лица времено ангажирани за изборен процес по налог на ДИК) што не е во согласност со член 5 став 2 од Упатството за надоместокот на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на предвремените парламентарни избори, 05-ти јуни 2011 година;

во презентираната книга на потписи за присуство повеќето ангажирани лица не го верификувале присуството со свој потпис во периодот за кој биле ангажирани;

во погоре наведеното Упатството за вработените во стручната служба на ДИК (со подрачни одделенија - Гевгелија, Чаир, Карпош, Центар и Кисела вода) и на лицата времено ангажирани за изборен процес во помошните тела на ДИК, се определува надомест „до четири просечни исплатени нето плати во Република Македонија за претходниот месец" при што за конкретните износи за исплата определени со одлука не е презентирана поткрепувачка документација за причините поради кои основицата за исплата се множи со определен број на нето плата (кој се движи од 0,25 до 3,5 просечни исплатени нето плати (субјективен пристап);

пресметувањето на надоместокот на лицата во помошни тела - касарна Илинден, помошни тела останати лица и лица овластени од ДИК вработени во ДКП на РМ во странство е по цена од 100,00 денари за саатнина, без притоа наведениот начин на пресметување да е уреден во презентираниот правилник / упатство или друг акт.

Одговор/Појаснување: Во врска со наводите од потточката 4.4.3, ги даваме следните образложенија:

Ревизорскиот тим многу коректно констатирал дека надоместувањето за извршениот ангажман на членовите на изборните органи и изборната администрација за спроведување на, предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 05-ти јуни

2011 година, е уредено со Правилник за надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација, Упатство за надоместокот на членовите на изборните органи и изборната администрација и повеќе Одлуки донесени од ДИК во текот на 2011 година во функција на исплата на надоместоците.

И тука завршува коректноста.

На ревизорскиот тим им беше понудено да изврши увид во извештаите за работа од страна на сите членовите на изборната администрација, пред се од вработените во стручната служба на ДИК, потоа од лица ангажирани за изборен процес во помошните тела на ДИК и други лица времено ангажирани за изборен процес по налог на ДИК, за да не се прават копии од сите извештаи бидејќи истите се многу на број. Тоа беше сторено а до тимот беа направени копии само од неколку извештаи. При тоа се констатира дека само неколку од лицата немаа поднесено извештај. Веднаш се побара и од нив да достават извештај што тие тоа веднаш и го направија. Не е коректно да се истакнат онакви наводи кои водат до заклучок дека времено ангажираните лица не доставиле извештај за работа во целост и дека ДИК им исплатил надомест без основ.

Самиот факт што постојат правилници, упатства и одлуки го негира субјективниот пристап.

Исто како што надоместокот на членовите на изборните органи и изборната администрација, Изборниот законик го определил да се одредува врз основа на бројот на избирачи, видот, сложеноста како и обемот на работите и времетраењето за нивното извршување, така и ДИК во своите правилници, упатства и одлуки за оваа проблематика пристапи кон различно, но објективно вреднување на секој поединечен ангажман, согласно овие постулати од изборниот законик.

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Биљана Стојановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА СКОПЈЕ